на македонски јазик

# МКФ

## на јазик разбирлив за семејството

### Ајде да користиме заеднички јазик

Катерина Тодорова, Розита Петринска-Лабудовиќ



b
Телесни функции

s
Телесни структури

d
Активности и учество

e
Фактори на средината

Кофинансирано од Програмата на Европската унија Еразмус+

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Оваа публикација ги одразува само ставовите на авторите и Комисијата не може да се смета за одговорна за било каква употреба што може да биде направена од информациите што се содржат во истата.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616/618(083.73)(035)
316.776:615.8-051-055.52]:159.922.76(035)

ТОДОРОВА, Катерина
МКФ на јазик разбирлив за семејството : ајде да користиме заеднички јазик / Катерина Тодорова, Розита Петринска-Лабудовиќ ; [коавтори Александра Димова, Евдокија Коцева, Вилма Ничева]. - Скопје : Здружение за унапредување на образованието, културата и спортот
Образование за сите, 2019. - 95 стр. : илустр. ; 21 см

Библиографија: стр. 94

ISBN 978-608-66287-0-3

1. Петринска-Лабудовиќ, Розита [автор]
а) Болести - Меѓународна класификација - Прирачници
б) Деца со попреченост - Поддршка - Однос родител-терапевт - Прирачници

COBISS.MK-ID 111400970

ISBN 978-608-66287-0-3

**Високо квалитетен продукт 2 во рамките на проектот „Заеднички јазик во училиште“ од програмата Еразмус+**

www.icf-school.eu

**Автори:**

**Катерина Тодорова** е магистер по клиничка и советодавна психологија и докторанд на Филозофскиот факултет III – Педагошки науки при Универзитетот „Мартин Лутер“ Хале-Витенберг (Martin-Luther-Universität Halle-Wittenberg) во Хале, Германија.

**Розита Петринска-Лабудовиќ** е магистер по електротехника и информациски технологии од областа на проектниот менаџмент и магистер по библиотекарство, докторанд во подрачјето на управувањето со квалитетот, како и претседател на Здружението за унапредување на образованието, културата и спортот „Образование за сите“ од Скопје.

**Коавтори:**
Александра Димова
Евдокија Коцева
Вилма Ничева

**Издавач:** Здружение за унапредување на образованието, културата и спортот ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ Скопје
Бул. „Кочо Рацин“ бр. 14/6-2, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

contact@educationforall.org.mk
www.educationforall.org.mk

**Дизајн:** Михаел Ајснер

**Отворена лиценца: Attribution 4.0 International (**CC BY **4.0)**
https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

# Содржина


Импресум 3

Предговор 5

1. Верзија на МКФ на јазик разбирлив за семејството: вовед 5
   - 1.1 Што е МКФ? 6
   - 1.2 Како работи МКФ? 7
   - 1.3 Што всушност ние правиме кога ја користиме МКФ? 10
   - 1.4 Заедничка проценка 17
   - 1.5 Ние планираме заеднички цели 20
   - 1.6 Заклучок 21

2. Целосна листа на кодови од верзијата на МКФ на јазик разбирлив за семејството 22
   - 2.1 ТЕЛЕСНИ ФУНКЦИИ 23
   - 2.2 УЧЕСТВО 47
   - 2.3 ОКОЛИНА 73

3. Литература 94

4. За проектот и партнерите 95

## Предговор

Во оваа брошура станува збор за поддршката на Вашето дете. Со помош на оваа брошура, Вие како родител ќе можете заеднички со стручните лица да разговарате за поддршката која му е потребна на Вашето дете. Користејќи ја брошурата, Вие како родител и стручните лица ќе зборувате на заеднички јазик. Оваа брошура се состои од 2 дела:

**I. Вовед во верзијата на МКФ на јазик разбирлив за семејството и**

**II. Целосна листа на кодови од верзијата на МКФ на јазик разбирлив за семејството.**

Оваа брошура ќе биде издадена на македонски, германски и турски јазик.

## 1. Верзија на МКФ на јазик разбирлив за семејството: вовед

За нас, како стручни лица, е многу важно родителите да разберат што зборуваме. Како стручни лица, ние ја користиме МКФ. Тоа е една помошна алатка. Доколу и Вие како родител ја користите МКФ, тогаш би можеле подобро да се разбереме во однос на тоа каква помош и поддршка му е потребна на Вашето дете.

Затоа, го пишуваме овој текст на лесно разбирлив јазик. Сите родители ќе можат да го разберат овој текст. Во овој текст даваме многу примери.

Примерите се ставени во сини полиња.

## 1.1 Што е МКФ?

Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје претставува помошна алатка. Неа **скратено ја викаме МКФ**. Оваа алатка Вие можете да ја користите заедно со стручните лица. Таа може да Ви помогне заедно со стручните лица да ја испланирате терапијата на Вашето дете.

**Важно е** Вие како родител да ја користите оваа помошна алатка. Таа ќе Ви помогне подобро да се разберете со стручните лица. Ќе можете да ги изразите Вашите грижи и да дадете предлози. На тој начин, ќе му помогнете на Вашето дете. МКФ е алатка за опишување. Таа е создадена од Светската здравствена организација. Светската организација се занимава со здравјето. Друга позната алатка е Меѓународната класификација на болести (МКБ-10). МКБ ги опишува дијагнозите и болестите на Вашето дете. За разлика од МКБ, МКФ не опишува дијагнози. МКФ детално опишува каква помош и терапија му треба на Вашето дете.

**Многу е важно** и Вие како родител да бидете дел од тимот околу семејството. МКФ Ви помага во разговорот со докторите, физиотерапевтите, логопедите, педагозите или наставниците. Таа Ви помага да им објасните на стручните лица што е важно за Вас кога треба да му се помогне на Вашето дете.

**Важно е** дека Вие како родител сте најважни за Вашето дете. Вашето дете е емотивно приврзано за Вас. Вие најдобро го познавате Вашето дете. Важно е да им кажете на стручните лица како мислите дека треба да му се помогне на Вашето дете. Важно е да ги разберете сите информации кои ги кажуваат стручните лица. Заедно со нив, ќе ја обезбедите најдобрата помош за Вашето дете.

Стручните лица, исто така, ја користат МКФ. МКФ Ви помага и Ве прави еднаков партнер со стручните лица. Стручните лица Ве слушаат и Вас и заедно му помагате на Вашето дете.

## 1.2 Како работи МКФ?

МКФ Ви нуди многу можности. МКФ опишува што Вашето дете може да прави. Исто така, МКФ опишува какви потешкотии има Вашето дете.

МКФ ги опишува:

а) **Индивидуалната личност** на Вашето дете.

б) Најважната **околина** на Вашето дете: Вашиот дом, градинката, училиштето, дневниот центар или нешто друго.

в) МКФ го опишува и **телото** на Вашето дете. На пример:

- колку е високо детето,
- колку тежи детето,
- дали добро му работи срцето,
- дали добро му работат белите дробови.

г) МКФ опишува исто така и:

- дали детето добро слуша,
- дали детето добро гледа,
- дали Вашето дете правилно дише,
- како се движи Вашето дете.

Овие се викаат **телесни функции**.

Во МКФ е важно и што Вашето дете прави во секојдневниот живот. На пример, дали Вашето дете си игра како другите деца. Дали зборува со другите деца. Дали се вози во автобус до училиште. Дали знае да пишува и да чита. И дали има пријатели. Сето тоа го викаме **учество**. Поддршката во училиштето му помага на детето да го прави сето она што го прават другите деца, колку што може подобро.

| |
|---|
| **Пример:** Што прави едно дете од 2 години во секојдневниот живот? |
| Дете од 2 години трча. |
| Дете од 2 години јаде само со лажица. Понекогаш јаде и со прсти. |
| Дете од 2 години пие од чашка. |
| Детето ги набљудува книгите. |
| Детето сака да слуша приказни. |
| Си игра со играчки. |
| Ги имитира мајката и таткото. |
| Често, едно дете од 2 години кажува неколку збора. |
| Тоа покажува со раче кон предметот кој сака да го земе. |
| Едно дете од 2 години ги гледа другите деца. Си игра до нив. |
| *Ова претставува пример за **учество** на дете од 2 години.* |

| |
|---|
| **Пример:** Што прави едно дете од 5 години во секојдневниот живот? |
| Едно дете од 5 години оди во градинка. |
| Си игра заедно со другарчињата. |
| Едно дете од 5 години јаде и пие само. |
| Едно дете од 5 години само користи тоалет. |
| Знае само да си ги соблече панталоните и пак да си ги облече. |
| Дете од 5 години знае да нацрта цвет, куќа или самото себе си. |
| Знае да заврши мали задачи: составува сложувалка. |
| Едно дете од 5 години го разбира јазикот. Кажува кратки реченици. |
| *Ова претставува пример за **учество** на дете од 5 години.* |

| |
|---|
| **Пример:** Што прави едно дете од 8 години во секојдневниот живот? |
| Едно дете од 8 години учи да чита и да пишува. |
| Дете од 8 години оди само или со автобус на училиште. |
| Се движи низ училницата или на паузите без помош. |
| Дете од 8 години си ја јаде ужинката. |
| Детето од 8 години зборува со другите деца или со наставниците. |
| Детето од 8 години го следи предавањето на лекциите. |
| Детето од 8 години внимава и се фокусира на лекциите. |
| Ова претставува пример за **учество** на дете од 8 години. |

Ова беа 3 примери за учество. Тие се само примери. Овие примери можат да се опишат подетално. Нивната цел е да појаснат што МКФ сака да каже. Според МКФ, учеството е многу важно.

**Важно е** да знаете дека учеството може да биде потешко за децата со потешкотии во развојот. На пример:

- Ако детето слабо слуша, може да му биде потешко да зборува.
- Ако детето слабо гледа, потешко ќе се движи низ училницата Можеби ќе има потешкотии со читање и пишување. Веројатно, тука може да помогне користење на Брајовото писмо.

Поддршката и терапијата помагаат кај децата со потешкотии во развојот. Поддршката на Вашето дете во училиштето многу помага: Вашето дете треба да се развива како и другите деца.

МКФ не Ви кажува што му недостасува на Вашето дете. Најчесто докторите го прегледуваат и откриваат што е она што му недостасува на Вашето дете. Тоа го викаме дијагноза. Откако дијагнозата е поставена, стручните лица заедно со Вас како родители бараат помош за Вашето дете. **Овој дел е многу важен за Вас како родители.** МКФ не дава дијагноза. МКФ опишува што Вашето дете може да прави. МКФ, исто така, опишува каква помош му е потребна на Вашето дете.

МКФ може да се примени за било кое дете, не само за деца со потешкотии во развојот.

## 1.3 Што всушност ние правиме, кога ја користиме МКФ?

| Ние го набљудуваме Вашето дете, заедно со вас како родители. Ние ги набљудуваме следниве работи: |
|---|
| Детето си игра само во зградата. |
| Детето трча наоколу и дише забрзано. |
| Детето се повредува на работ од масата. |
| Детето зборува македонски и турски. |
| Детето се обидува да ја земе играчката со десната рака. |
| Детето си игра дома, преправајќи се дека користи правосмукалка. |
| Детето е девојче на 9 години. |
| Вие читате од сликовница. Вашето дете Ве слуша како читате. |
| Детето го интересираат диносауруси. |
| Детето е кратковидо. |
| На  детето му требаат очила. |
| Детето (Вашата ќерка) има 3 браќа и сестри. |
| Вашата ќерка е трето одделение. |
| Учителката ја фали Вашата ќерка. |



Потоа, ги користиме термините од МКФ. Значи, најпрвин набљудуваме, а потоа опишуваме што Вашето дете може да прави.  И понатаму, тоа го именуваме со термините од МКФ. Овие термини од МКФ се нови за Вас. Стручните лица ги користат овие термини. Доколку и Вие ги познавате овие термини, ќе можете подобро да зборувате со стручните лица.

Дел од овие термини се користат за да се опише телото на Вашето дете. Нив ги нарекуваме **телесни структури.** Дел од овие термини се користат за да се опише како Вашето дете дише, како Вашето дете ја вари храната, каков е крвниот притисок на Вашето дете, дали Вашето дете гледа и слуша добро. Нив ги нарекуваме **телесни функции**.

Понатаму, дел од термините користиме за да опишеме што Вашето дете прави. Ова го нарекуваме **учество**. Дел од термините, пак, ги користиме за да ги опишеме личните карактеристики на Вашето дете. На пример, по што се разликува Вашето дете од другите деца или кои особини ги има Вашето дете. Овие лични карактеристики ги нарекуваме **индивидуални фактори**.

И, најпосле, ја опишуваме најважната околина на Вашето дете.
Таа се однесува на:

- Кој го чува Вашето дете?
- Колку браќа и сестри има Вашето дете?
- Има ли Вашето дете играчки дома?
- Му требаат ли очила или лекови на Вашето дете?
- Има ли училиште во близина на Вашата куќа?
- Има ли школски автобус?
- Кој се гордее со Вашето дете?

Сето ова го нарекуваме **околина или животна средина** на Вашето дете.

На крај, ни недостасува еден дел. Тој дел се однесува на следниве прашања: за што сте загрижени Вие, што вели докторот, дали постои дијагноза. Сето ова го нарекуваме **грижа за здравјето или здравствената состојба** на Вашето дете.

Сега веќе имаме 6 термини: телесни структури, телесни функции, учество, индивидуални фактори, околина и грижа за здравјето или здравствената состојба на Вашето дете. Со овие термини ќе го опишеме Вашето дете. Потоа, заеднички ќе направиме план како да му помогнеме и да го подржиме Вашето дете.

Ова набљудување и потоа опишување со термините од МКФ можеме да го појасниме користејќи ги примерите кои ги наведовме погоре.

| Набљудување | Термини од МКФ |
|---|---|
| Моето дете си игра само во зградата. | **Учество.** Многу е важно  детето да си игра. Тоа може да учи нови работи преку играта. |
| Моето дете трча наоколку и дише забрзано. | Дишењето го нарекуваме **телесна функција**. Дишењето ни е потребно за да живееме. |
| Моето дете се повредува на работ од масата. | Болката при повреда ја нарекуваме **телесна функција**. Болката е многу важна. Таа нè предупредува дека нешто не е во ред. |
| Моето дете зборува македонски и турски. | Зборувањето на два јазика е нешто посебно. Многу малку деца растат во семејства каде што се зборуваат два јазика. Зборувањето на два јазика е нешто **лично или индивидуално**. |
| Моето дете се обидува да ја земе играчката со десната рака. | Ова го нарекуваме **учество**. Вашето дете се обидува да ја земе играчката и да направи нешто со неа. |

| | |
|---|---|
| Моето дете си игра дома, преправајќи се дека користи правосмукалка. | Ова го нарекуваме **учество**. Веројатно Вашето дете Ве имитира Вас и така учи нови работи. |
| Моето дете е девојче од 9 години. | Ова е нешто **лично или индивидуално.** |
| Вие читате од сликовница. Вашето дете Ве слуша како читате. | Овој пример се состои од два дела:<br>Вашето дете може да слуша. Тоа го нарекуваме **телесна функција**. Вашето дете слуша и преку слушањето учи зборови, имиња или приказни. Ова го нарекуваме **учество**. |
| Моето дете го интересираат диносауруси. | Ова е повторно нешто **лично или индивидуално**. Овој индивидуален интерес на Вашето дете го прави поразлично од другите деца. |
| Моето дете е кратковидо. | Вашето дете веројатно има премногу долго очно јаболко. Ова се однесува на големината на очното јаболко. Ова го нарекуваме **телесна структура**. |
| На моето дете му требаат очила. | Овој пример повторно се состои од два дела:<br>Можеби **структурата** на окото на Вашето дете е поразлична од структурата на окото на другите деца.<br>Дали Вашето дете ќе може да добие очила зависи од околина во која тоа живее: на пример, дали во вашата околина има доктор кој може да препорача очила за Вашето дете. Или дали Вие имате доволно парични средства за да му купите очила. Ова се однесува на **околината** на Вашето дете. |

| | |
|---|---|
| Моето дете има 3 браќа и сестри. | Ова исто така се однесува на **околината**. Лицата кои живеат со Вашето дете. |
| Мојата ќерка е трето одделение. | Овој пример повторно се состои од два дела:<br>Постои училиште во близина на Вашата куќа. Ова се однесува на **околината**. Вашата ќерка оди на училиште и учи во училиштето исто како и другите деца. Ова го нарекуваме **учество**. |
| Учителката ја фали мојата ќерка. | Ова се однесува на **околината**. Поточно, ова се однесува на ставот или однесувањето на учителката кон Вашата ќерка. |

Овие 6 области или термини: телесни структури, телесни функции, учество, индивидуални фактори, околина и грижа за здравјето или здравствената состојба на Вашето дете заеднички ги викаме „ГОЛЕМАТА 6-ка“ на МКФ. Овие 6 области или термини се меѓусебно поврзани. Со помош на „Големата 6-ка“ можеме да откриеме и да разбереме каква поддршка му е потребна на детето во училиштето.

Кога го опишуваме детето, не е важно во која област од „Големата 6-ка“ ќе почнеме да опишуваме. Сите области во „Големата 6-ка“ се меѓусебно поврзани. Сликата со број 1 ја претставува „Големата 6-ка“ на МКФ.




Слика 1. „Големата 6-ка“ на МКФ.

Стручното лице Ви кажува дека Вашето дете е со пречки во развојот. Што сака да Ви каже стручното лице со тоа? Кога детето има потешкотии во училиштето, како би изгледала тогаш „Големата 6-ка“ на МКФ за детето? За Вас како родители сигурно е тешко кога во разговорот со стручните лица тие го користат зборот попреченост. Ниту еден родител не сака да има дете со попреченост или дете со пречки во развојот.

Затоа, прво треба да се разгледа какво влијание има околината врз Вашето дете. Понекогаш, детето не е само по себе со пречки во развојот. Некогаш, околината влијае многу на попреченоста. Во одредени случаи, околината може да претставува пречка за развојот на детето. Тоа може да се случи на следниот начин:

Нема достапни очила за дете кое е кратковидо. Овде, околината му пречи на детето да ги добие потребните очила.

Не постои училишен автобус ниту пак соодветно училиште во близина на Вашата куќа. Тука, околината му пречи на детето да се развива и соодветно  да напредува.

На училиштето му е тешко да го прифати и да се адаптира на потребите на детето со попреченост. Овде, околината му пречи на детето да се развива и соодветно  да напредува.

Во училштето нема пристапни рампи за дете кое се движи со помош на инвалидска количка. Во случајов, околината му пречи на детето во неговото слободно движење и одење на училиште.

Децата имаат, исто така, и многу јаки страни или способности. Затоа е многу важно и да се опише што Вашето дете може да прави. Сите ние сакаме да бидеме горди на нашите деца.

Но, исто и дијагнозата е многу важна. Мислењето на докторите е многу важно. Понекогаш, е потребно докторите да го лекуваат Вашето дете или да му препишат лекови.

Поддршката на Вашето дете во училиштето има многу важна цел. Целта е да се стигне до моментот во кој на Вашето дете повеќе нема да му е потребна оваа поддршка. Ова го нарекуваме превенција или спречување. Колку порано се започне со поддршката на Вашето дете, толку се поголеми можностите да се спречат можните потешкотии во развојот на Вашето дете и да му се овозможат подобри можности за развој.

## 1.4 Заедничка проценка

Стручните лица и родителите заеднички ја користат МКФ и на тој начин зборуваат на ист јазик и добро се разбираат.

На пример, некои деца имаат потешкотии во училиштето. Кога велиме дека детето има потешкотии во училиште, со тоа сакаме да кажеме дека детето се однесува поразлично од останатите деца. Може да има повеќе причини за ова различно однесување. Тие се:

Детето пишува побавно отколку останатите деца.

Детето трча наоколку во училницата за време на часот повеќе од другите деца.

Детето пресметува побавно за разлика од другите деца.

Детето не може да го слушне добро она што учителката го раскажува.

Детето не може да го види добро она што учителката го пишува.

Детето се движи со инвалидска количка и му е потребна помош. Поради тоа му е тешко да дојде на училиште.

Детето се интересира и се занимава само со еден предмет.

На некои од овие деца им треба помош во училиштето. За да може детето да ја добие потребната помош во училиштето, мораме да процениме какви се и колку се големи потешкотите или проблемите на детето. Оваа проценка треба да ја направиме одговорајќи на следниве прашања: колку е голем проблемот според родителите, колку е голем проблемот за детето, а колку е голем проблемот според училиштето. Кога го проценуваме проблемот кој детето го има, секогаш го споредуваме детето со неговите врсници кои немаат ваков здравствен проблем или здравствени потешкотии.

На пример, родителот вели: „На моето дете, кое е второ одделение му се потребни неколку секунди за да го прочита целиот збор. Моето дете чита буква по буква. Многу од останатите деца, врсници на моето дете можат да прочитаат цел збор. Моето дете има проблем во училиштето. Моето дете чита бавно. Ова бавно читање на моето дете е голем проблем за учителката и за предавањето на наставниот материјал.“

Ние, стручните лица и родителите, заеднички правиме проценка. Проценуваме колку е „голем“ проблемот на детето. Потоа, заеднички одлучуваме што да направиме и како да му помогнеме на детето.

Многу важно е проблемот да го процениме заеднички, како „тим околу семејството“. Учителите нè слушаат нас. Тогаш, заеднички донесуваме одлука.

Понекогаш, може да биде тешко заеднички да направиме проценка. Може да се случи ние да имаме различно мислење од вас родителите. Но тоа не ни пречи. Потребно е да си оставиме време. Потребно е да го набљудуваме детето подолго време. Потоа, повторно можеме да разговараме заедно во тимот. И подоцна да го процениме „проблемот“.

Кога правиме заедничка проценка, користиме помошни алатки. На пример, користиме бројки. Овие бројки се разликуваат од училишните оценки.

Кога во проценката пишуваме .0 тоа значи дека „нема проблем“. Ние како стручни лица сме среќни кога детето нема проблем во некоја од областите. За Вас како родители е многу важно да знаете дека има области во кои Вашето дете нема никаков проблем.

Но, исто така, има области во кои може да има проблем. Тогаш ги користиме следниве бројки:

- .1 = „лесен проблем“
- .2 = „умерен проблем“
- .3 = „значителен проблем“
- .4 = „целосен проблем“
- .8 = значи дека ние не сме согласни во врска со тоа каков е проблемот. Сè уште не знаеме.

Проблемот зависи и од тоа колку години има Вашето дете. На пример:

| | Проблем | Околина |
|---|---|---|
| На момче од 4 години сè уште му се потребни пелени во текот на ноќта. | Тоа не претставува проблем (=.0). Многу деца се одвикнуваат од пелените токму на оваа возраст. | |
| Девојче од 6 години црта само цртички и кругови. | Ова може да биде проблем. Може да значи дека на девојчето му е тешко да научи да пишува во училиштето. Ова некогаш може да биде и значителен проблем (.3). | Ова, исто така, зависи и од однесувањето на учителката. Дали учителката му дава доволно време на девојчето за време на часот? Дали учителката знае вежби кои може да ги примени? |
| Едно момче не зборува воопшто кога е на училиште. Меѓутоа, тоа зборува со неговите родители и браќа и сестри кога е дома. | Ова може да биде проблем како за училиштето, така и за професијата која момчето подоцна ќе ја избере. Бидејќи момчето не зборува, останатите луѓе не знаат дали тоа ги разбира. Ова може да биде значителен проблем (.3). | Овој проблем зависи и од однесувањето на родителите на момчето. Дали тие му прават притисок на момчето? Дали тие имаат побарано помош за момчето од стручни лица? |

Кога правиме проценка, многу важно е да не го заборавуваме следново: околината има големо влијание. Ние, исто така, правиме проценка и на тоа каква е околината. Околината може да го поттикнува развојот на детето или да го попречува развојот на детето.

## 1.5 Ние планираме заеднички цели

Стручните лица и Вие како родител сте согласни: на Вашето дете му е потребна помош. Тогаш, МКФ ни помага да разбереме во кои области на Вашето дете му е потребна помошта.

Меѓутоа, помош им треба на некои деца. Не на СИТЕ деца. Секое дете треба да ја добие помошта која му е потребна.

| Што набљудуваме? | Како правиме проценка? | За што станува збор? | Каква е околината? | Каква помош му е потребна на нашиот син? |
|---|---|---|---|---|
| Нашиот син има 10 години и се уште чита буква по буква. | Ова претставува значителен проблем (.3). Останатите деца читаат цели зборови и реченици. | Се работи за учење. | Ние можеме да му помогнеме дома (е+). | На нашиот син му е потребна помош за да научи да чита. |
| Нашата ќерка (7 години) си игра во училиштето само со нејзините кукли. | Ова претставува умерен проблем (.2). | Се работи за учење. | Ние немаме време дома да и помогнеме многу, бидејќи ја чуваме и нејзината баба. | На нашата ќерка и е потребно да поминува повеќе време во училиште. Ние ќе почекаме за да видиме како ќе се одвиваат работите. |
| Нашиот син (8 години) трча наоколу во училиштето. Тој ги турка другите деца. | Ова претставува значителен проблем (.3). | Се работи за тоа како да се однесува и да биде заедно со другите деца. | Понекогаш дома се расправаме многу во однос на тоа. | Треба да откриеме и да разбереме што се случува со нашиот син. Ќе одиме на доктор. |

Кога планираме цели, најчесто е доволно да испланираме 3 или 4 цели кои детето треба да ги постигне во текот на една учебна година.

Многу е важно родителите да ги разберат овие цели. Стручните лица работат заеднички со родителите и заеднички планираат цели. Што претставува една цел? Тоа е она што Вашето дете треба да го постигне за определен период. Тоа е она што Вие посакувате да постигне Вашето дете. На пример:

До крајот на учебната година Иван треба да научи да разликува 4 букви.

Сара треба да научи сама да ги пресметува бројките во нејзината домашна работа до крајот на учебната година.

Кристијан треба да научи како сам да ја пронајде неговата училница или спортската сала до крајот на учебната година.

Една испланирана цел може да се постигне преку планирање на мали и ситни чекори.

## 1.6 Заклучок

Со помош на МКФ може подобро да се процени развојот на детето. Со помош на МКФ може подобро да се види и да се забележи во која област и на кој начин е потребно да му се помогне на детето. МКФ е една добра помошна алатка. Таа им овозможува на членовите на тимот сите заеднички да можат да зборуваат за една иста тема, бидејќи со помош на МКФ секој од членовите знае за што се работи и секој знае што треба да направи.



## 2. Целосна листа на кодови од верзијата на МКФ на јазик разбирлив за семејството

Во вториот дел од оваа брошура се наведени сите можни термини и реченици со помош на кои може да се опише Вашето дете. Тие се наведени во истиот редослед како и во оригиналната верзија на МКФ издадена од Светската здравствена организација.

Најпрвин се опишани телесните функции. Потоа е опишано учеството. На крај е опишана околината.

Овие делови имаат акроними или скратеници. Овие скратеници потекнуваат од англискиот јазик:

· Со „b“ се означени ТЕЛЕСНИТЕ ФУНКЦИИ (англ. body functions).

· Со „d“ е означено УЧЕСТВОТО (англ. domains).

· Со „e“ е означена ОКОЛИНАТА (англ. environment).

На некои места во делот на телесните функции ќе ја забележите и скратеницата „s“. Со „s“ се означени ТЕЛЕСНИТЕ СТРУКТУРИ.

Ќе забележите дека веднаш до скратениците стојат БРОЈКИ. Стручните лица ги користат овие бројки. На пример, „d880“ значи дека се работи за ИГРАЊЕ. Овие бројки знаат да бидат многу важни за стручните лица и за здравственото осигурување, за да може да се одобри и да се добие одредена терапија. За Вас, како родители, овие бројки НЕ се важни.

За дополнителни информации, можете да ја посетите и веб-страницата на нашиот проект: www.icf-school.eu. Таму можете да прочитате дополнителни информации или лесно да ги најдете термините и зборовите кои Ви требаат.



## b Телесни функции

- b1 Умствени функции
- b2 Користење на сетилата и чувство на болка
- b3 Создавање на глас и говор
- b4 Начин на работа на срцето, циркулацијата, одбранбениот систем и дишењето
- b5 Внесување на храна, варење на храната и одржување на растот на телото
- b6 Исфрлање на вишокот течности (мокрење) и репродукција (размножување)
- b7 Движења
- b8 Кожа и додатоци на кожата

## b

### Телесни функции

Во текот на детството и младоста може да се јават потешкотии во смисла на успорување (заостанување) во развојот. Овие потешкотии може да настанат во однос на повеќе области. Во делот b ги опишуваме овие индивидуални начини на функционирање на нашето тело. Нив ги нарекуваме телесни функции.

## s

### Телесните структури на моето дете

## b1

### Умствени функции

Овој дел се однесува на начинот на работа на нашиот мозок. Неговите функции се делат на: 1. глобални (општи) и 2. специфични (ментални или умствени) функции. Општите функции ја опишуваат свесноста, психичката (духовната) енергија и нагоните (импулсите/инстинктите). Под специфичните функции се подразбира начинот на работа на памтењето, вниманието, емоциите, перцепциите (согледувањето), мислењето, математичките способности, ориентацијата кон себе и временската ориентација, како и способноста да се разбере изговореното.

## s1

### Структурите на нервниот систем на моето дете

## b110

### Будност и свесно согледување на околината

Моето дете е будно. Тоа може свесно да ја согледува неговата околина. Во случај на епилептични напади или во случај на покачена температура во оваа област може да настанат проблеми.

## s110

### Структурата на мозокот на моето дете

## b114 Ориентирање/осознавање

Моето дете се осознава себе си: тоа знае како се вика и кои се другите личности. Тоа ги знае имињата на предметите. Се ориентира во неговата околина. Има осет за време и простор (на пример, тоа разбира што значат зборовите „денес“, „утре“, „вчера“ и сл.).

## b117 Интелигенција

Моето дете го разбира светот во којшто живее и се однесува разумно. Ова зависи од неговата возраст. Моето дете ги разбира причинско-последичните врски помеѓу зборовите „кога-тогаш“. Моето дете има свои сопствени идеи и може да решава секојдневни проблеми.

## b122 Остварување контакти и односи со другите

Моето дете може да остварува контакти и да се поврзува со други личности. Тоа постојано ги развива овие свои способности.

## b125 Може да се прилагоди/може да се смири

Моето дете може да се прилагоди на нешто ново. Тоа може, на пример, да се смири. Тоа може да се фокусира на една работа. Оваа способност може подоцна да биде основа за неговиот темперамент и особините на личноста.

## b126 Го развива неговиот сопствен стил и неговата личност

Моето дете ја развива неговата сопствена личност. Дали моето дете е отворено или е несигурно и повлечено? Дали тоа е совесно? Дали ја гледа неговата иднина со оптимизам и увереност? Сето ова спаѓа во овој дел.

## b130

**Има желба и мотивација (импулс) за нешто**

Моето дете има желба да направи нешто. Тоа може да ги задоволи своите потреби и да ги исполни своите желби и цели.

## b134

**Спиење**

Кога спие, моето дете не е во контакт со неговата околина. По спиењето, моето дете е повторно будно. Состојбата на будност и состојбата на сон редовно се менуваат кај моето дете. Кога спие моето дете, неговите очи се затворени. Можно е моето дете да сонува додека спие.

## b140

**Внимание**

Моето дете може во определен временски период да се фокусира и концентрира на нешто и да се занимава со нешто. Притоа, тоа не дозволува да биде расеано.

## s140

**Структурата на симпатичкиот дел на вегетативниот нервен систем на моето дете**

## b144

**Памтење**

Моето дете може да запомни одредени работи и подоцна да се сети на нив. На пример, во текот на учењето, тоа може да се сети на нешто (на еден расказ, на пр.).

## b147

**Го управува своето однесување**

Моето дете може да го управува неговото однесување. Ова може да се однесува на повеќе дејствија: дали тоа ја користи десната или левата рака, со каква брзина тоа реагира, како е организирано неговото дејствување и сл.

## b152

**Се справува со емоциите**

Моето дете може да се справи со неговите емоции во различни ситуации и соодветно да реагира. Тоа е во состојба емоциите да ги контролира и регулира и да изрази различни чувства (на пример: тага, среќа, љубов, страв, лутина, омраза, напнатост, радост и грижа).

s150

**Структурата на парасимпатичкиот дел на вегетативниот нервен систем на моето дете**

## b156

**Согледување (перцепции)**

Моето дете може да согледува, перцепира и препознава различни дразби. Тоа го препознава и разбира она што го гледа. Ова може, на пример, да се однесува на члeновите на семејството кои ги гледа во семејниот албум. Моето дете го разбира она што го слуша: на пример, тоа знае дека го повикуваат кога ќе го слушне неговото име.

## b160

**Мислење (размислување)**

Моето дете може да размислува за нешто. Неговото размислување може да има некоја цел или да биде без одредена цел. Тоа може да се фокусира на една идеја.

## b163

**Едноставно мислење (размислување) и донесување заклучоци**

Моето дете ги знае едноставните работи: тоа знае, на пример, како треба да постапи кога надвор врне (за да не се намокри). Може да донесува едноставни заклучоци.

## b164

**Посложено размислување / планирање, организирање и решавање на проблеми**

Моето дете може да испланира нешто. Тоа размислува и донесува одлуки. Тоа може да ги подреди неговите идеи и да си го организира своето време. Тоа може да процени кое однесување би било соодветно во определени ситуации. Моето дете е разбрано и може да ги процени работите и ситуациите.

## b167

**Зборување**

Моето дете може да го препознае, да го разбере и да го користи изговореното и напишаното на еден јазик или во други форми (на пример, јазик на знаци). Кај некои деца, на пример со потешкотии во читањето и пишувањето или кај некои возрасни со определени болести (на пример, како последица од мозочен удар), зборувањето може да биде отежнато.

## b172

**Пресметување (сметање)**

Моето дете може да ги разбере бројките и множествата. Тоа е во состојба да користи едноставни или комплицирани процеси за пресметување (собирање, делење, текстуални задачи). Кај некои деца со потешкотии во сметањето, истото може да биде отежнато.

## b176

**Изведување сложени движења**

Моето дете може да изведе сложени движења (на пример, плетење). Тоа ги прави овие движења соодветно со неговата намера и во нивен соодветен редослед. Детето е во состојба едноставни движења да соедини во една акција (на пример, клучот да го извади од ташната и да го стави во клучалката). Тоа е во состојба изразите на лицето и говорот на телото да ги користи на правилен начин и да ги имитира дејствијата.

| b180 | **Претстава за себе и за времето**<br>Моето дете си го знае, на пример, своето име и има претстава за своето сопствено тело, вклучувајќи ги рацете, нозете и главата. Тоа знае каде се наоѓа во различни ситуации, различна околина и има претстава за времето. |
| --- | --- |

| | |
|---|---|
| b2 | **Користење на сетилата и чувство на болка**<br>Овој дел се однесува на нашите сетила. Тоа се однесува на пример на: гледањето, слушањето, вкусот и чувството за болка кај моето дете. |
| s2 | **Структурите на очите и ушите на моето дете и сродни структури со очите и ушите** |

| | |
|---|---|
| b210 | **Гледање**<br>Моето дете ја препознава светлината. Тоа е во состојба да ја види формата, големината и бојата на предметите. |
| s210-230 | **Структурата на очите на моето дете** |

| | |
|---|---|
| b215 | **Трепкање, намигнување, задржување на погледот и јасно гледање**<br>Моето дете може да трепка. Тоа може да го движи очниот капак и да го задржи неговиот поглед или да го проследи движењето на еден предмет. Тоа може да плаче или да ги гледа јасно предметите. Неговите зеници реагираат на светлина (на пример, тие се намалуваат под влијание на светлината). |

| | |
|---|---|
| b220 | **Чувствување на притисок или страно тело во окото**<br>Моето дете може да препознае кога неговите очи се уморни или премногу напрегнати. Тоа препознава кога неговите очи се суви, кога го чешаат и печат, или, пак, кога се надразнети. Детето е во состојба да го чувствува притисокот зад неговото очно јаболко или да чувствува страно тело во неговото око. |

## b230

**Слушање**

Моето дете слуша тонови и звуци и може да процени од каде тие доаѓаат. Тоа може да разликува тонови со различна висина и звуци со различна јачина. Тоа е во состојба да го препознае јазикот.

## s240-260

**Структурата на ушите на моето дете**

## b235

**Одржување на рамнотежа**

Внатрешното уво на моето дете функционира добро. Моето дете може да ја одржува својата рамнотежа. Тоа ја препознава позицијата на неговото тело во просторот, на пример, положбата на неговите зглобови или глава. Моето дете може да го препознае правецот на неговото движење.

## b240

**Препознавање на вртоглавица, звуци или притисок во увото**

Моето дете може да препознае вртоглавица и евентуално гадењето поврзано со неа. Тоа го препознава чувството на спуштање (на пример, во авион). Тоа може да препознае звуци во увото (на пример, зуење или пиштење во увото) и притисок во увото.

## b250

**Вкус**

Моето дете може да разликува вкус на горчливо, благо, солено и кисело.

| | |
|---|---|
| b255 | **Мирис**<br>Моето дете препознава пријатни и непријатни мириси. |
| s310 | **Структурата на носот на моето дете** |

| | |
|---|---|
| b260 | **Согледување (перцепција) на положбата на телото во просторот**<br>Моето дете може да ја процени положбата на неговото тело во просторот, како и положбата и соодносот помеѓу различни делови на телото. |

| | |
|---|---|
| b265 | **Допир**<br>Моето дете може да ги препознава различните квалитети и својства на една површина. |

| | |
|---|---|
| b270 | **Осет за температура и други дразби (како притисок и вибрации)**<br>Моето дете има осет за температура, вибрација, притисок, потреси или бранувања и непријатни дразби. |

| | |
|---|---|
| b280 | **Чувствување на болка**<br>Моето дете ја препознава болката како непријатно чувство (на пример, чувство на печење, остра болка или мачнина). Оваа болка може да укажува на можно или видливо оштетување. |

**b3** 

**Создавање на глас и говор**

Овој дел се однесува на создавањето на звуци и на говорот на моето дете.

**b310**

**Создавање на глас**

Моето дете е во состојба да создаде звуци, како и тонови, со различна висина,  различна јачина и различни квалитети на гласот.

**b320**

**Создава говорни знаци и го користи гласот**

Моето дете може да создава и изговара говорни гласови и знаци.

**s320-340**

**Структура на органите за говор и глас на моето дете**

**b330**

**Течно зборување**

Моето дете зборува течно, со соодветна брзина, ритам и мелодија.

**b340**

**Пеење, брборење, плачење и викање**

Моето дете е во состојба со својот глас да создаде различни тонови, како на пример при пеење, брборење, гласно плачење или викање.

**b4**

**Начин на работа на срцето, циркулацијата, одбранбениот систем и дишењето**

Овој дел се однесува на начинот на работа на срцето и крвните садови, како и на циркулацијата (движење на крвта во телото), одбранбениот систем (имунитетот) и дишењето.

**s4**

**Органи и структури на срцето, системот за циркулација, одбранбениот систем и системот за дишење на моето дете**

**b410**

**Начин на работа на срцето**

Срцето на моето дете ја пупма крвта во соодветна количина со соодветен притисок низ неговото тело.

**s410-420**

**Органи и структури на срцето и системот за циркулација на моето дете**

**b415**

**Движење на крв низ телото**

Крвните садови на моето дете (артерии, вени, капилари) ја движат крвта низ неговото тело.

**b420**

**Одржување на крвен притисок**

Телото на моето дете го одржува неговиот крвен притисок во стабилни вредности (нормални рамки).

**b430**

**Пренесување/движење на материи (на пример, крв) низ телото**

Телото на моето дете создава крв, го пренесува кислородот и метаболните продукти. Неговата крв располага со механизам за коагулација (згрутчување).

**s420**

**Структури на одбранбениот систем на моето дете**

| | |
|---|---|
| b435 | **Реагирање на болести со одбранбениот систем**<br>Телото на моето дете поседува одбранбен систем (имунитет) кој функционира добро. Тој реагира на страни тела, болести и воспаленија. Неговиот одбранбен одговор може да биде вроден или здобиен, на пример кога неговото тело е во состојба да создаде антитела кон нови или променети предизвикувачи на заболувања. |

| | |
|---|---|
| b440 | **Дишење**<br>Моето дете може без проблеми да вдишува и издишува. Бројот на вдишувањата и издишувањата во минута, ритамот и длабочината на дишењето се соодветни. Моето дете добива доволно воздух. |
| s430 | **Структура на системот за дишење на моето дете (бели дробови, бронхии)** |

| | |
|---|---|
| b445 | **Мускулите вклучени во дишењето се подигаат и спуштаат**<br>Мускулите во градниот кош кои учествуваат и го поддржуваат дишењето на моето дете функционираат добро. Ова се однесува на дијафрагмата, мускулатурата на скелетот помеѓу ребрата и мускулите кои го помагаат дишењето. |

| | |
|---|---|
| b450 | **Кашлање, бревтање, проѕевање**<br>Моето дете може да кашла, кива, бревта и проѕева, како  и да дише низ уста. Секретите можат соодветно да се создадат и пренесуваат. |

## b455 Извршување на активности кои бараат физичка издржливост

Моето дете може да извршува активности кои бараат физичка издржливост (на пример: одење, трчање, пливање). Сите органи на моето дете кои што учествуваат во дишењето (белите дробови, носната празнина, синусите, усната шуплина, грлото, трахеата, бронхиите, бронхиолите и алвеолите) функционираат. Срцето и крвните садови ја одржуваат циркулацијата без проблем при овие активности.

## b460 Чувствување на срцебиење и недостаток на воздух

Моето дете може да препознае забрзано срцебиење, недостаток на воздух, притисок во градите или нерегуларно срцебиење.

## b5

**Внесување на храна, варење на храната и одржување на растот на телото**

Овој дел се однесува на внесувањето на храна, варењето и елиминацијата (исфрлање) на храната и други процеси на нашиот метаболизам. Ова се однесува, исто така, и на жлездите (тироидната жлезда, паратироидната жлезда, хипофизата и сл.), како и на тоа дали децата растат соодветно.

s5

**Структурите на дигестивниот, метаболниот и хормонскиот систем на моето дете**

## b510

**Внесување на храна**

Моето дете може да цица, џвака, гризе како и да внесува цврста храна и течности низ устата. Тоа може да ја движи храната со забите и јазикот, да ја навлажни со плунка, да ја исплука, да ја голтне и да ја исфрли или поврати.

s510-580

**Структури на плунковни жлезди, хранопроводник, желудник, црева, панкреас, црн дроб, жолчен меур и жолчни канали и ендокрини жлезди на моето дете**

## b515

**Варење на храна**

Храната која моето дете ја изело се пренесува низ органите за варење. Оваа храна ќе биде разградена на хранливи материи кои ќе бидат апсорбирани од цревата. Моето дете ја поднесува храната.

## b520

**Обработка на храната**

Телото на моето дете може да ја разгради зsemената храна на нејзините составни делови и истите да ги складира.

## b525

**Исфрлање (елиминација) на храната**

Телото на моето дете може да ја исфрли неразградената храна во форма на столица (измет).

## b530

**Одржување на телесната тежина**

Висината и тежината на моето дете се соодветни за негова возраст. Моето дете добива во тежина во согласност со развојот на телото.

## b535

**Чувство на гадење, подуеност и киселини во желудникот**

Моето дете може да ги почувствува функциите на варење кои што настануваат со јадењето и пиењето. Ова може да опфати: лошење, повраќање, грчеви во стомакот, подуеност на желудникот или киселини.

## b540

**Впивање на јаглени хидрати, масти и белковини**

Телото на моето дете може да ги прими (впие) основните компоненти на исхраната, како што се јаглехидратите, белковините и мастите, и нив да ги регулира и да ги претвори во енергија.

## b545

**Впивање на вода, минерали и електролити**

Телото на моето дете може да ги прими и регулира водата, минералите (на пример: цинкот и железото) и електролитите (натриум и калиум).

## b550

**Одржување на телесна температурата**

Моето дете е во состојба да ја одржува и регулира температурата на неговото тело.

## b555

**Создавање на хормони**

Телото на моето дете ги создава и регулира неговите хормони и ја одржува нивната рамнотежа. Тоа се прилагодува и на промените кои што се повторуваат. Жлездите кои се одговорни за тоа (хипофизата, штитната жлезда, надбубрегот, паратироидната жлезда и сексуалните жлезди) функционираат добро.

## b560

**Одржување на растот на телото**

Моето дете расте и се развива соодветно на неговата возраст.

## b6

**Исфрлање на вишокот течности (мокрење) и репродукција (размножување)**

Овој дел се однесува на елиминацијата (исфрлањето) на вишокот течности (мокрење, уринирање) и репродукцијата (размножувањето).

s6

**Структури на органите за мокрење и репродукција (размножување) на моето дете**

## b610

**Излачување на урина**

Урината се излачува и собира.

s610-620

**Структури на органите за уринирање (мочовод, мочен меур) и карлично дно на моето дете**

## b620

**Мокрење (уринирање)**

Моето дете мокри (уринира) без проблеми. Тоа се случува соодветно често.

## b630

**Чувствување на испразнета бешика**

При мокрењето (уринирањето) моето дете има чувство на потполно празнење на бешиката.

| | |
|---|---|
| b640 | **Функции неопходни за сексуален однос**<br>Моето дете - во соодветната возраст - располага со умствени и телесни функции кои што се неопходни за сексуален контакт (секс). При тоа се мисли на фазите на сексуално возбудување, предигра, оргазам и на крајот - релаксација. Ова опфаќа, исто така, и сексуален интерес (соодветно на возраста), ерекција (возбуда) на пенисот и клиторисот, навлажнување на вагината кај жената, способност за оргазам, самозадоволување или ејакулација при оргазмот на мажот. |
| s630 | **Структура на органите за размножување на моето дете** |

| | |
|---|---|
| b650 | **Менструација**<br>Кај адолесцентките се јавува редовно месечно крварење, кое што се повторува на секои 28 дена. При тоа јачината на менструалната течност (крвта) е соодветна. |

| | |
|---|---|
| b660 | **Размножување**<br>Ова се однесува на плодноста или способноста да се размножува. Телото на адолесцентката е во состојба да забремени, да ја носи бременоста и да донесе дете на свет. Се лачи млеко потребно за доење на детето. |

| | |
|---|---|
| b670 | **Осети поврзани со менструацијата и сексуалниот однос**<br>Адолесцентите можат да имаат непријатно чувство во текот на сексуалниот однос и менструацијата, доколку во оваа област постои проблем. |

| | |
|---|---|
| b7 | **Движења**<br>Овој дел се однесува на подвижноста и движењата, вклучувајќи ги функциите на зглобовите, коските, рефлексите и мускулите. |
| s7<br>(s710-770) | **Структури поврзани со движењето на моето дете (структури на глава, врат, рамо, горни екстремитети, долни екстремитети, дланки, стапала, ’рбет, карлица, труп, коски, мускули, зглобови)** |

| | |
|---|---|
| b710 | **Движење на зглобовите**<br>Моето дете може да ги движи неговите зглобови соодветно. Тоа со леснотија придвижува еден или повеќе зглобови (зглобови на рбетниот столб, рамото, лактот, зглобовите на шаката, колковите, коленото, скочниот зглоб и малите зглобови на рацете и нозете). |

| | |
|---|---|
| b715 | **Стабилност на зглобовите**<br>Зглобовите на моето дете се стабилни. |

| | |
|---|---|
| b720 | **Движење на коските**<br>Моето дете може да ги движи своите коски соодветно. Тоа со леснотија го придвижува рамото, лопатката, карлицата и коските на шаката и ногата. |

| | |
|---|---|
| b730 | **Располага со доволна мускулна сила**<br>Моето дете располага со доволно сила да напне одредени мускули. Ова се однесува на поголемите мускулни групи, мускулите на неговите екстремитети (раце и нозе), мускулите на една половина на телото, како и на трупот и целото тело. |

## b735

**Напнатост на мускулите**

Мускулите на моето дете се соодветно напнати.

## b740

**Издржливост на мускулите**

Моето дете е во состојба да напне одредени мускули, мускулни групи или сите мускули во одреден (подолг) временски период.

## b750

**Реакција со рефлекси**

Кај моето дете постои природна несвесна напнатост на мускулите. Напнатоста може да биде предизвикана од страна на одредени дразби (на пример, рефлекси).

## b755

**Несвесни движење (со цел одржување на рамнотежата)**

Кај моето дете големите мускули или целото тело несвесно се напнуваат. Ова може да се случи, на пример, кога тоа ја менува положбата на неговото тело, кога се придржува за да не падне, кога ќе се исплаши или кога сака да се одбрани од нешто.

## b760

**Свесна контрола на движењата**

Моето дете е во состојба да координира и контролира едноставни и комплексни сакани (намерни) движења. Тоа е во состојба свесно и со цел да спроведе активни движења (на пример, да се потпира на рацете и нозете, да ги координира очите и рацете и така натаму).

## b761

**Спонтано движење**

Моето дете може да се придвижува самото себе си. На пример, такво движење имаме кога бебињата се подбутнуваат со нозете.

## b765

**Несвесно (ненамерно) движење (на пример, тикови или исти движења кои постојано се повторуваат)**

Ова се однесува на движењата кои не можат секогаш да бидат контролирани од моето дете, на пример: тикови, треперења или исти движења кои постојано се повторуваат (ова понекогаш се нарекува стереотипизација, како што е лулање напред-назад, нишање на телото или климање со главата).

## b770

**Одење и начин на одење**

Движењата на моето дете при одење, трчање и друг вид на движење се соодветни. Ова може да се однесува, на пример, на начинот на неговото одење, односно дали детето при одење накривнува или цврсто се движи.

## b780

**Чувствување на мускулите при движење (на пример: грчеви)**

Моето дете ги чувствува неговите мускули во движење. Ова може да се однесува и на грчеви и напнатост во мускулите.

## b8

### Кожа и додатоци на кожата

Овој дел се однесува на функциите на кожата, ноктите и косата.

### s8 (s810-840)

**Кожа и сродни структури на моето дете (како потни жлезди, нокти и коса)**

## b810

### Заштита преку кожата

Кожата на моето дете го штити неговото тело од штетни влијанија (на пример, зрачење од сонцето или друг вид на зрачење или материи што надразнуваат). Неговата кожа е во состојба да ги регулира топлината и заздравувањето.

## b820

### Заздравување на раните на кожата (формирање на красти и лузни)

Кожата на моето дете е во состојба да заздравува од рани, притисоци или други оштетувања. Тоа се случува, на пример, преку формирање на красти и лузни.

## b830

### Потење и мирис на телото

Кожата на моето дете е во состојба да се лади преку потење и на тој начин да создава миризба од потењето.

## b840

### Чувствува надразнетост на кожата

Моето дете ги чуствува и препознава дразбите врз неговата кожа, на пример: чешање, печење и боцкање.

| | |
|---|---|
| b850 | **Коса**<br>Косата на моето дете ја исполнува нејзината задача, на пример: заштита на главата, боја и изглед. Неговата коса расте соодветно и на соодветните места. |

| | |
|---|---|
| b860 | **Нокти**<br>Ноктите на моето дете ја исполнуваат нивната задача, како на пример: заштита на прстите, можност за чешање, како и изглед. Ноктите растат правилно и соодветно. |

## d Активности и учество

- d1 Да научи нешто и да го примени своето знаење
- d2 Справување со општи задачи и барања
- d3 Комуницирање
- d4 Движење
- d5 Грижа за себе
- d6 Живот во домот
- d7 Постапување и однесување со други лица
- d8 Учество во значајни животни области (образование, занимање, економија)
- d9 Учество во заедницата, општествениот и граѓанскиот живот

d 

**Активности и учество**

Учеството се однесува на сето она што децата сакаат и можат да го направат во споредба со другите деца.

d1 

**Да научи нешто и да го примени своето знаење**

Овој дел се однесува на тоа како моето дете учи, како го користи наученото, како мисли, како ги решава проблемите и како донесува одлуки.

d110

**Гледање**

Моето дете може со цел и со намера да гледа и притоа да учи. Ги согледува движењата, може да го проследи движењето на предметите со своите очи или да набљудува деца кои си играат или други лица.

d115

**Слушање**

Моето дете може со цел и со намера да слуша и притоа да учи. Тоа ги препознава звуците околу него, на пример од радио, човечки глас, музика, може да слуша едно предавање или приказна.

d120

**Вкусување, мирисање, опипување и останати сетила**

Моето дете може со цел и намера да ги користи останатите сетила (вкусување, мирисање, опипување) и притоа да учи. Тоа чувствува кога нешто е вкусно или кога нешто мириса убаво. Така, на пример, тоа може да опипа различни површини, да го почувствува вкусот на благото или да мириса цвеќе.

d130

**Имитирање**

Моето дете може да имитира нешто и притоа да учи. Тоа може, на пример, да имитира еден израз на лице или гест, но, исто така, може да имитира еден звук или да прецрта една слика.

| | |
|---|---|
| d131 | **Учење преку ракување со предмети (преку преправање)**<br>Моето дете може да си игра со еден, два или повеќе предмети и притоа да учи. Тоа може, значи, да се преправа: на пример, да удира со еден предмет како да е чекан. Но, тоа може да значи и дека детето може да примени и да си игра со една играчка соодветно на нејзината цел, на пример, да си игра со кукли или автомобили. |

| | |
|---|---|
| d132 | **Стекнување на знаење**<br>Користејќи ги прашањата (зошто, што, каде, кога и како) моето дете стекнува информации за личности, предмети и настани или ги прашува лицата за нивните имиња. Преку тоа моето дете стекнува знаење. |

| | |
|---|---|
| d133 | **Учење јазик**<br>Моето дете учи со помош на зборови, симболи, изрази и реченици да зборува за нешто или да ги искаже неговите чувства. Тоа ги именува предметите, како и зборува за личности и настани. |

| | |
|---|---|
| d134 | **Учење дополнителен јазик (на пример, странски јазик или знаковен јазик)**<br>Моето дете учи со помош на еден друг јазик (знаковен јазик или друг странски јазик) како да зборува за нешто или да ги изрази своите чувства. Тоа ги именува предметите или зборува за личности и настани. |

| | |
|---|---|
| d135 | **Вежбање**<br>Моето дете вежба и притоа го применува неговото знаење. Тоа ги повторува фазите, како на пример броење со десетки (10-20-30) или вежбање на песнички. |

## d137 Усвојување поими

Моето дете усвојува знаење и ги разбира основните поими во врска со предметите, луѓето и настаните. Тие може да се, на пример, големина, форма, еднаквост, различност или пак нешто друго.

## d140 Учење да чита

Моето дете учи течно и точно да го прочита напишаното. Ова се однесува, на пример, и на брајовото писмо (знаковната азбука).  Моето дете може да распознава правилно знаци или букви. Тоа може зборовите правилно да ги изговори.

## d145 Учење да пишува

Моето дете учи зборовите или речениците правилно да ги пишува и притоа користи точна граматика.

## d150 Учење да пресметува

Моето дете учи да ги користи броевите, како и едноставните задачи на собирање и одземање и знае да ги користи правилните математички операции за секоја од овие задачи.

## d155 Стекнување вештини

Моето дете развива основни и сеопфатни вештини. На тој начин, тоа може да се справи со сложени активности и задачи. На пример, детето може да се служи со разни алатки или да игра сложени игри, како на пример, шах.

## d160 Фокусирање на вниманието

Моето дете може да го фокусира неговото внимание на еден настан, личност или предмет и при тоа да ги игнорира (занемари) звуците што пречат.

## d161 Насочување на вниманието

Моето дете е во состојба да го насочи неговото внимание на одреден настан или задача во тек на одредено време.

## d163 Размислување

Моето дете може неговите идеи, замисли и претстави да ги изрази и реализира. Тоа е во состојба само или со другите да си претстави и замисли ситуации за во иднина. Тоа може да прави планови, да игра измислени игри, да ги процени предностите и недостатоците, како и да постави препоставки и размислувања.

## d166 Читање

Моето дете може да ја разбере и сфати смислата на текстот што го чита. Тоа може да чита од книги, упатства или весници - или исто и да ја чита знаковата (Брајовата) азбука, односно писмо. На тој начин тоа се здобива со знаења.

## d170 Пишување

Моето дете може да користи букви, знаци, броеви или говор со цел да пренесе информации на другите луѓе. Тоа може да опише настани или идеи во пишана форма или да напише е-порака (т.н. мејл) или порака.

## d172 Пресметување

Моето дете е во состојба да решава математички задачи и притоа правилно да ги користи математичките операции (на пример, да собере три броја).

## d175 Решавање проблеми

Моето дете може да најде решение за некое прашање или ситуација. Тоа може да пронајде во што точно е проблемот. Тоа изнаоѓа можни начини за решавање на проблемот и размислува за можните влијанија на овие решенија. Потоа, го избира соодветното решение и го применува (на пример, помага во кавга помеѓу две личности).

| d177 | **Донесување одлуки**<br>Моето дете може да се одлучи помеѓу две можности. Тоа може да ја примени неговата одлука и да ги процени последиците. Детето може, на пример, да се одлучи за еден предмет и да го купи. Или може да се одлучи за една од повеќе задачи коишто треба да бидат направени и притоа истата да ја направи. |
|---|---|

## d2



### Справување со општи задачи и барања

Овој дел се однесува на една или повеќе задачи. Ова се однесува, исто така, и на задачи кои се повторуваат постојано или на секојдневни задачи, како и на справувањето со стресот.

## d210

### Справување со поединечни задачи

Моето дете може да спроведе поединечни задачи. Овие задачи можат да бидат едноставни или тешки. Тоа знае како треба да ги спроведе овие задачи.  Знае колку време, какво место и кои помошни материјали му се потребни. Детето може да ги одреди поединечните чекори кои што се потребни и потоа да ја спроведе задачата целосно до крај.

## d220

### Справување со повеќе задачи (или задачи кои се состојат од повеќе чекори)

Моето дете може да превземе активности и задачи кои се состојат од повеќе чекори и да ги спроведе последователно чекор по чекор или да работи истовремено на повеќе чекори. Задачите можат да бидат едноставни или тешки. Моето дете може да ги спроведе задачите до крај. Тоа може да ги презема овие задачи само или во група.

## d230

### Вршење дневна рутина

Моето дете може да ги планира, преземе и спроведе секојдневните задачи и обврски. Ова се однесува, на пример, на облекување, доручкување и подготовка за училиште. Моето дете може да го испланира потребното време за тоа или да подготви план во текот на денот и тој план да го спроведе до крај.

## d240 Справување со стрес и други умствени барања

Моето дете може да спроведува задачи за кои што е потребна посебна одговорност. Ова се однесува, на пример, на справувањето со стрес, заболување или тешки состојби и ситуации. Моето дете е во состојба да се справи и да ги управува овие ситуации. На пример, полагање на испити (во зависност од возраста), облекување под притисок на родителите, извршување на некоја задача во рамките на дадено време итн.

## d250 Управување со сопственото однесување

Моето дете може да спроведе едноставни или комплексни и тешки задачи на усклaден начин. Тоа може да се справи со нови ситуации, личности или искуства (на пример, во книжарница да се однесува мирно) и соодветно да реагира на нив.

## d3 Комуницирање

Овој дел се однесува на нашето комуницирање. Ова може да се однесува како на говорот, така и на знаците или симболите. Тоа значи дека една порака која е испратена од едната страна ќе биде разбрана од другата страна, но, исто така, ова може и да се однесува на користењето на различните средства и техники за комуникација (на пример, мобилен телефон).

## d310 Го разбира изговореното

Моето дете е во состојба да го разбере буквалното и преносното значење на изговорените пораки. Тоа разбира, на пример, дали она што е кажано одговара на фактот или е само „про форма“ кажано.

## d315 Го разбира изразот на лицето и гестовите

Моето дете може да го разбере значењето на она што е кажано преку изразот на лицето, преку гестови или симболи: на пример, дали едно дете е уморно кога ги трие неговите очи или дали звукот на сирената значи пожар.

## d320 Го разбира знаковниот јазик

Моето дете може да го прими и разбере значењето на пораките пренесени со знаковен јазик.

## d325 Разбира напишани пораки и текстови

Моето дете може да го разбере значење на напишаните пораки (на пример, кога чита приказна). Ова, исто така, се однесува на пораки или текстови напишани со Брајовата азбука за лицата со оштетување на видот.

## d330 Зборување

Моето дете може усно да се изрази со зборови, реченици, изрази или подолги пасуси. На пример, тоа може да раскаже една приказна или да зборува за факти.

## d331 Создавање звуци и гестикулирање

Моето дете создава и испушта звуци кога ќе забележи друга личност во неговата околина. На пример, создава и испушта звуци кога неговата мајка е во близина. Може да продуцира „да-да-да“ или „га-га-га“. Детето брбори во дијалог, како одговор на изговорено. Тоа се обидува да ги имитира звуците.

## d332 Пеење

Моето дете може да пее така што ги поврзува тоновите и притоа настанува мелодија или песна. Тоа пее кога е само или пее во група.

## d335 Гестикулирање (со користење на говорот на телото) и употребување на други нејазични знаци

Моето дете може да користи гестови, симболи или знаци со цел да пренесе што мисли или што сака. На пример, тоа ја врти неговата глава за да покаже дека не се согласува или за да одговори со „не“. Тоа може, на пример, да нацрта еден цртеж за да изрази или претстави нешто.

## d340 Создавање пораки на знаковен јазик

Моето дете може да го користи знаковниот јазик и да пренесува пораки со помош на него.

## d345 Пишување пораки

Моето дете може да напише порака со помош на зборови, како на пример да напише СМС порака, е-порака или писмо на некое другарче.

## d350 Разговара

Моето дете може да разговара со еден или повеќе личности (познати или непознати). Притоа, ќе бидат разменети идеи или мисли во усна или пишана форма или во знаковен јазик. Детето го започнува разговорот, разговара и го завршува разговорот.

## d355 Дискутира

Моето дете ги разменува своите мисли и размислувања со една или повеќе личности (познати или непознати), ги образложува и дава аргументи за тоа дали се согласува или не. Детето може ова да го направи усно, писмено или на знаковен јазик. Моето дете може вакви разговори (на пример, караница) да ги започне, да ги одржи и да ги заврши.

## d360 Употребување на средства за комуникација

Моето дете може да користи средства за комуникација (компјутер, телефон, паметен телефон) и, на пример, да му се јави на пријателот по телефон.

## d4

### Движење

Овој дел се однесува на движењата на сопственото тело кои настануваат преку промена на позицијата на телото, неговата положба или преку промена на местото на телото од едно место на друго. Тука спаѓа и придвижувањето на предмети преку нивно носење или користење (на пример, држење на пенкало, фрлање на топка), како и начинот на придвижување, како на пример со одење, трчење, качување, планинарење или преку користење на превозни средства (велосипед со три тркала, ролери, инвалидска количка).

## d410

### Менување на положба на телото (на пример, легнува, се наведнува, се свртува)

Моето дете може да ја менува положбата на телото од една во друга. Може да се сврти од една страна на друга, да седне, да стане, да стане од еден стол или, на пример, да се придвижи од едно место кон друго (да легне во креветот).

## d415

### Одржување на положбата на телото

Моето дете може да остане во една одредена положба доколку тоа е потребно. На пример, да седи одредено време на еден стол.

## d420

### Преместување

Моето дете може да ја промени положбата на телото и да се премести. На пример, може да се лизга по должината на една клупа или да стане од креветот и да седне на столче.

## d430

### Подигање и носење на предмети

Моето дете е во состојба со помош на неговите шаки, раце, рамена, глава, грб и колкови да подига предмети и да ги пренесе од едно место на друго. На пример, може да подигне една чаша или играчка, или пак да пренесе кутија од една соба во друга.

## d435 Преместување на предмети со стапалата и нозете

Моето дете може со одредена цел да придвижи предмети со помош на неговите стапала и нозе. На пример, може да шутне топка или да ги врти педалите на велосипедот.

## d440 Ги употребува прстите (и шаката)

Моето дете може со помош на шаките, прстите и палецот да допре предмети, истите да ги земе, да ги држи и да ги испушти. На пример, може да земе пара од маса или да користи паметен телефон со неговите прсти.

## d445 Ја употребува шаката (и раката)

Моето дете може да придвижува и да користи предмети со помош на неговите шаки и раце, со одредена цел. На пример, може да придвижува квака или да фрли или фати топка. Тоа може да повлекува или да турка нешто.

## d446 Ги употребува стапалата и прстите на нозете

Моето дете може со неговите стапала и со прстите на неговите нозе да придвижува предмети и да ги држи.

## d450 Одење и придвижување

Моето дете може да оди со придвижување на нозете по подлогата чекор по чекор и на тој начин тоа се придвижува. При тоа, барем едната нога се наоѓа на подлогата, на пример при шетање, одење наназад, на страна и напред.

## d455 Се придвижува на друг начин (на пример со тркалање, ползење, качување, пливање)

Моето дете е во состојба, покрај со одењето, да се придвижува и на други начини, на пример, да се качува по карпа, да трча по должината на една патека, да скока, да потскокнува, да прави салто преку глава, да заобиколува пречки, да лази, да се влече по површината, да плива, да се лизга или да се тркала.

## d460 Се придвижува наоколу во различни средини

Моето дете може да се движи во различни средини и простори. На пример, може во една куќа или зграда да се движи од една просторија во друга, да оди по должината на една улица, да трча околу сопствената куќа, да се качува по скали, да оди од спрат на спрат или да оди околу непознати згради.

## d465 Движење со помош на опрема и справи (на пример, со ролатор или инвалидска количка)

Моето дете е во состојба да се придвижува со помош на справи и опрема, на пример со помош на скејтборд, ролатор, скии или инвалидска количка. Тоа користи лизгалки, скејтборд, скии или перки за пливање. Моето дете е во состојба - независно од видот на околината - да се придвижи од едно место кон друго.

## d470 Користење на превозни средства (на пример, се вози во детска количка или во автобус/такси)

Моето дете е во состојба да користи транспортни средства како патник и да се движи со нив. На пример, може да го возат во детска количка. Детето може да се вози во  автомобил, автобус, чамец, кочија, такси, воз, метро, брод или авион.

## d475 Возење на „возило“ како трицикл, велосипед, тротинет

Моето дете може да управува и придвижува возило (на пример трицикл, тротинет) и на тој начин самостојно да се придвижува.

## d480 Јавање на животни со цел да се превезе

Моето дете е во состојба да јава едно животно и на тој начин да се придвижува (на пример на коњ, вол, камила или слон).

## d5

### Грижа за себе

Овој дел се однесува на грижата за себе. Овде се работи за миење, сушење или нега на сопственото тело и неговите делови, облекување и соблекување на алишта, јадење и пиење, како и грижа за сопственото здравје.

## d510

### Се мие себе си

Моето дете е во состојба да го мие неговото тело и деловите на неговото тело со вода, шампон и други средства и потоа да се избрише со крпа. На пример, детето се бања, се тушира и ги мие рацете, нозете, лицето и косата.

## d520

### Си ги негува деловите од телото (си ја чешла косата, си ги мие забите, се мачка со крема)

Покрај миење и сушење, моето дете е во состојба да се грижи дополнително за својата кожа, лице, заби, глава, нокти и гениталиите. Тоа значи дека моето дете може да се намачка со крема, да ги четка забите и да ги сече ноктите.

## d530

### Одење во тоалет (ве-це)

Моето дете чувствува кога треба да оди во тоалет за да ги елиминира урината (мочта), столицата или менструалната крв. Тоа е во состојба ова да го предвиди, да го спроведе и на крај да се избрише.

## d540

### Облекување

Моето дете може во правилен редослед да ја облече и соблече облеката и чевлите. Притоа, моето дете зема предвид какво е времето, која сезона е и за каква пригода треба да се облече (на пример, кошули, здолништа, блузи, панталони, долна облека, сари, кимоно, хулахопки, капа, ракавици, јакни, палта, чизми, чевли, сандали или папучи).

## d550

**Јадење**

Моето дете може да каже кога чувствува глад. Тоа може подготвената храна да ја внесе во устата и соодветно да ја изеде. Моето дете може да ја исече или скрши храната на парчиња, може да отвори разни шишиња или лименки и да користи нож, вилушка и лажица за да го изеде својот оброк.

## d560

**Пиење**

Моето дете може да каже кога чувствува жед. Тоа е во состојба да земе пијалок во рака, да го принесе до устата и соодветно да пие. Во состојба е да меша течности за пиење (на пример, минерална вода со сок), да ги промеша, да ги стави во чаша, да отвори шише или конзерва, да пие со сламка, да пие од чешма или извор. Доенчињата можат да цицат од града.

## d570

**Се грижи за своето здравје**

Соодветно на својата возраст, моето дете може да се грижи за неговото телесно и душевно здравје. На пример, правилно да се исхранува, да спортува и да се движи, да се затоплува или, по потреба, да се лади. Ова се однесува и на избегнувањето на работи кои се штетни за здравјето. Кај адолесцентите, ова се однесува, на пример, на сигурен секс преку користење на кондоми или, на пример, одење на редовни лекарски контроли.

## d571

**Се грижи за својата безбедност**

Моето дете избегнува опасни ситуации кои можат да доведат до повреди или страдање. Ова може да се однесува, на пример, на злоупотреба на оган или ризично однесување во сообраќајот.

## d6 Живот во домот

Овој дел се однесува на извршување на задачите во домаќинството и секојдневните активности. Областите на живеењето во домаќинството се однесуваат на обезбедување на животни средства, облека или простор за живеење, како и други потребни работи: чистење и поправки во домаќинството, одржување на личните и другите предмети во домаќинството, помош на другите. За многу мали деца, некои од овие активности не секогаш се многу значајни.

## d610 Наоѓање место за живеење

Моето дете/адолесцентот (доколку е применливо во однос на возраста) е во состојба да го организира животниот простор соодветно на неговата возраст (на пример, да си ја уреди својата соба или да организира друго живеалиште).

## d620 Набавка на продукти и користење на услуги (на пример, пазарување)

Моето дете/адолесцентот (доколку е применливо во однос на возраста) е во состојба, соодветно на неговата возраст, да купува работи потребни во секојдневието и истите да ги носи, на пример: хранливи продукти, пијалоци, облека, средства за чистење, гориво (на пр. дрво за греење), средства потребни за домаќинството, прибор за јадење како тенџериња и тави, играчки. Тоа е во состојба да ги избере соодветните помошни средства (лажица/вилушка) и алатки (дрвена лажица за црпнување).

## d630 Подготовка на јадења

Моето дете/адолесцентот (доколку е применливо во однос на возраста) може, соодветно на неговата возраст, да си подготви едноставни или посложени оброци за себе (на пример, леб со путер). Детето може ова да го испланира, да го купи потребното, да зготви и и да си ја постави масата. Моето дете може да избере пијалоци или соодветни состојки потребни за еден оброк и истиот да го подготви.

## d640 Вршење домашни задачи

Моето дете/адолесцентот може (доколку е применливо во однос на возраста) соодветно на неговата возраст, да го одржува домаќинството или да помага во домаќинството. На пример, моето дете ја одржува својата соба чиста. Тоа ја складира храната во фрижидер, помага при отстранувањето на ѓубрето и одржува ред во домаќинството. Детето ги собира извалканите алишта и може со помош на метла, четка, крпи и правосмукалка да ги отстрани нечистотиите.

## d650 Грижа за предметите во домот

Моето дете/адолесцентот може (доколку е применливо во однос на возраста), соодветно на неговата возраст, да се грижи за предметите во домаќинството. На пример, тоа внимателно ги употребува неговите играчки и ја одржува неговата облека чиста. Исто така, се грижи и за цвеќињата на тој начин што ги полева и негува или за животните на тој начин што ги храни.

## d660 Помагање на другите

Моето дете/адолесцентот - соодветно на неговата возраст - им помага на другите членови на семејството. Тоа, на пример, помага во одржување и извршување на домашните задачи. Се грижи за добросостојбата на членовите на неговото семејство и може да обезбеди помош од други личности за добросостојбата на членовите на семејството.

| d7 | **Постапување и однесување со други лица**<br><br>Овој дел се однесува на тоа како луѓето постапуваат помеѓу себе и како се однесуваат едни со други (на пример, со семејството, пријателите, роднините, партнерите, претпоставените или со непознати лица) и тоа на начин кој одговара и е соодветен на ситуацијата. |
|---|---|
| d710 | **Воспоставување на основни односи со другите (воспоставување на комуникација, остварување на физички контакт со други лица), покажување на почит и благодарност кон другите**<br><br>Моето дете е во состојба да стапи во контакт со други лица соодветно на ситуацијата. На пример, тоа може да го покаже потребното внимание и благодарност (како во однос со постари лица). Тоа може да ги прифати чувствата на другите или да покаже почит, топлина и толерантност во меѓусебните односи. |
| d720 | **Воспоставување на сложени односи со другите (заедничка игра, наоѓање на пријатели, создавање на круг на познати лица)**<br><br>Моето дете е во состојба да ги одржува воспоставените сложени односи со другите лица на начин соодветен на ситуацијата и да ги контролира неговите емоции и однесување. Се однесува соодветно на социјалните правила и норми и може, на пример, да игра со други, да создава врски, да ги прекине или да ги држи на растојание. |
| d730 | **Воспоставување на односи со непознати лица**<br><br>Моето дете е во состојба да контактира со непознати со цел, на пример, да праша колку е часот, да праша за правецот на патот или при купување на каса. |

## d740 Воспоставување на односи со лица на различни позиции (со врсници или со авторитетни лица, на пример учители)

Моето дете може да воспостави формален однос со други лица и да ја одржува врската со нив, како на пример со учителите во училиштето, со работодавачот, со стручни лица или со даватели на услуги, како мајстори или продавачи.

## d750 Воспоставување на односи со пријатели, соученици, соседи

Моето дете може да оствари контакт со врсници, пријатели или соученици. Ова се однесува, на пример, на личности кои припаѓаат на истата социјална група, живеаат во иста куќа или во исто соседство.

## d760 Воспоставување на односи со членови во семејството (на пример со мајка, татко, браќа и сестри или баба и дедо)

Моето дете може да создаде и да одржува врски со членовите на семејството, како на пример родителите или браќата и сестрите, членовите на поширокото семејство (баба, дедо и слично), семејствата кои што посвојуваат или се грижат за туѓи деца, како и членови на подалечни семејства (на пример, братучеди и братучетки од втор степен) или законски старатели.

## d770 Интимни односи

Моето дете (во зависност од возраста) може да создава интимни односи или љубовни врски со други лица и истите да ги одржува, на пример со својот партнер или сопруг/сопруга.

## d8 Учество во значајни животни области (образование, занимање, економија)

Овој дел се однесува на учеството на моето дете во различните активности кои се неопходни за воспитување/образование, работа, професија, како и активности за спроведување на економски трансакции (производство и потрошувачка на производи, штедење на пари).

## d810 Учество при учење дома или во други неформални средини

Моето дете може да учи дома или во некој друг неучилишен простор или неформална средина. Ова се однесува, на пример, на занаетчиските активности кои што тоа може да ги научи од родителите или остататите членови на семејството, но, исто така, ова се однесува и на стекнување со практични и теоретски способности (на пример, преку домашно или приватно школување).

## d815 Учество во предшколско образование (јасли, градинка)

Моето дете користи понуди за учење во предшколско образование кои што служат за подготовка за училиштето. Ова се однесува, на пример, на згрижување во текот на денот (јасли, градинка) или понуди за учење дома (на пример, со негователка). Сето ова служи со цел детето да се стекне со ментални, телесни, јазични и социјални способности неопходни за неговото понатамошно школување.

## d816 Учество во други предшколски активности, како на пример излети или забави

Моето дете учествува во други предучилишни активности, како на пример излети или забави.

## d820

**Учество во школско образование**

Моето дете има можност да оди во училиште и да го следи образованието. Тоа значи дека моето дете оди редовно во училиште, работи заедно со другите ученици, ги следи насоките на учителот, организира задачи и проекти, учи и извршува задачи и напредува во следните степени на образование.

## d825

**Стекнување со стручна обученост**

Моето дете е во состојба да учествува во сите активности во рамките на стручното образование и да ги совлада содржините на наставната програма. Тие му се потребни во подготовката за неговата идна професија.

## d830

**Стекнување со високо образование**

Моето дете (соодветно на возраста) може да учествува во повисоките образовни програми на универзитетите, вишите школи и стручните училишта. Тоа може да ги совлада предвидените содржини на наставните програми кои се потребни за завршен испит или диплома.

## d835

**Учество во други активности во рамките на школското образование (на пример, претседател на клас)**

Моето дете учествува во здруженија кои се поврзани со училиштето, како на пример како претставник на училишно или студентско тело (на пример, претседател на клас).

## d840

**Подготовка за работа**

Моето дете (соодветно на возраста) е во состојба  да учествува во сите програми коишто подготвуваат за една одредена професија или занимање, како на пример задачи кои се барани во рамките на струката, праксата, вклучувајќи практична работа, како и тренинзи и дополнителни едукации.

## d845 Добивање, задржување и напуштање работа

Моето дете (соодветно на возраста) е во состојба да бара, најде и избере едно занимање или да прифати понудено работно место. Тоа е во состојба да задржи една работа, да напредува, но и по потреба да го прекине работниот однос на соодветен начин.

## d850 Платена работа (вработување)

Моето дете (соодветно на возраста) е во состојба да задржи една платена работа, на пример некоја професија/занимање, стопанска/трговска дејност, како приватник или друго полно или скратено работно време. Тоа значи дека моето дете е во состојба да бара работа, да го задржи работното место, да ги исполни бараните задачи (сам или во група), навреме да доаѓа на работа, да има управителска или контролна функција на работата.

## d855 Неплатена (волонтерска) работа

Моето дете (соодветно на возраста) учествува и во задачи со полно или скратено работно време за кое што не е предвидено плаќање. Ова се однесува, на пример, на волонтерски работи за заедницата, за религиозните групи или помош во соседството.

## d860 Основни економски трансакции (зделки)

Моето дете (во зависност од возраста) е во состојба да учествува во секоја форма на едноставни економски зделки, како на пример да користи пари при купување на хранливи продукти, да врши размена на производи и услуги или да штеди пари.

## d865 Сложени економски трансакции (зделки)

Моето дете (во зависност од возраста) е во состојба да учествува во секоја форма на сложени економски трансакции (зделки). Ова се однесува, на пример, да раководи со сопствена сметка во банка или да тргува со продукти.

## d870 Раководење со сопствените економски средства (пари и други добра)

Моето дете е во состојба да раководи со неговите сопствени материјални добра.

## d880 Играње

Моето дете се ангажира со цел и во тек на одредено време со предмети, играчки или игри. Ова може да се однесува на тоа кога детето си игра само, кога детето набљудува игра на други деца, кога си игра покрај други деца или кога тоа си игра заедно со други деца.

## d9 

**Учество во заедницата, општествениот и граѓанскиот живот**

Овој дел се однесува на тоа како ние учествуваме во заедничкиот, општествениот живот (надвор од нашето семејство). Ова може да се однесува на учеството во различни организации, учество во спорт и спортски активности, учество во разни културни настани или учество во други социјални и општествени, граѓански области, како на пример практикување на религија или учество на избори.

## d910

**Учество во заедница (на пример, во здруженија)**

Моето дете учествува (во зависност од неговата возраст) во сите области на социјалното живеење во заедницата. Тоа може да биде, на пример, учество во доброволни, невладини организации, спортски друштва, Црвен крст/Црвена полумесечина, професионални социјални организации или друго.

## d920

**Учество во рекреативни активности и одмор**

Моето дете е во состојба да учествува во сите форми на игри, слободни активности или активности за рекреација и релаксација. Ова се однесува, на пример, на игри или спорт, фитнес програми, релаксација и забава. Моето дете може да оди во кино или театар, да посетува уметнички изложби или музеи. Тоа може, на пример, во неговото слободно време да изработува рачни работи, да практикува хоби, да чита за да се релаксира, да свири на инструмент, да разгледува историски споменици или да патува.

## d930

**Учество во религиозни и спиритуални активности**

Моето дете е во состојба да учествува во религиозни и спиритуални активности или да припаѓа на организации и групи со цел самоисполнување, изнаоѓање на значење на животот или градење на врска со божество. Тоа може да учествува во религиозните активности на некоја црква, храм, џамија или синагога и да пее и да се моли од религиозни причини.

| | |
|---|---|
| d940 | **Уживање на човековите права**<br>Моето дете ужива во сите меѓународни права коишто тоа ги има како дете, човек или лице со посебни потреби (попреченост). |

| | |
|---|---|
| d950 | **Учество во политички и граѓански живот**<br>Моето дете (соодветно на неговата возраст) учествува во социјалниот, политичкиот и граѓанскиот живот. Тоа ги има сите права како граѓанин, како и правата кои се поврзани со тоа. |

## e Фактори на средината

**e1 Производи, опрема и технички помагала (за спречување, намалување или надоместување/ компензирање на попреченост)**

**e2 Услови на животна средина**

**e3 Поддршка од важни лица и односи со нив**

**e4 Ставови (сфаќања и мислења) на важни лица**

**e5 Достапност на услуги, системи и политики (на пример здравствени системи, социјални системи), како и нивното управување и контрола**

## e

**Фактори на средината**

Фактори на околината.

## e1

**Производи, опрема и технички помагала (за спречување, намалување или надоместување/компензирање на попреченост)**

Во овој дел се зборува за сите производи, опрема и технички помагала кои ги дала природата или ги направиле луѓето, а се наоѓаат во околината на моето дете (на пример, храна или лекови). Ова исто така се однесува и на друга опрема и технички помагала (на пример, ролатор или подвижен кревет). Со тоа се мисли конкретно на производи, опрема и технички помагала кои што можат да бидат користени од лицата со попреченост со цел да се спречи, намали или надомести/компензира попреченоста.

## e110

**Производи за секојдневна лична употреба (храна, пијалоци и лекови)**

Во околината на моето дете има доволно производи кои тоа секојдневно ги користи, како на пример: храна, пијалоци и лекови. Нив може да ги дала природата или да ги произвеле луѓето.

## e115

**Опрема, производи и технологии за лична употреба во секојдневниот живот (облека, мебел, прибор за јадење, чаши и сл.)**

Во околината на моето дете има доволно секојдневен прибор, како на пример: облека, мебел, лажици, вилушки, чаши, шише за пиење, играчки, но и протези, апарати и слично.

## e120

**Опрема за движење (ролатор, инвалидска количка, терапевтски велосипед, дубалка, тротинет, трицикл, скејтбоард, протези или продукти за транспорт)**

Во околината на моето дете има доволно опрема, производи и технологии кои му помагат да се движи внатре и надвор од зградите. Тоа може да биде ролатор, инвалидска количка, терапевтски велосипед, дубалка, тротинет, трицикл, скејтбоард, протези.

## e125

**Средства за комуникација, како телефон, мобилен телефон, слушни помагала и сл.**

Моето дете има во неговата околина пристап до средства кои му помагаат да комуницира, како на пример: телефон, мобилен телефон, слушно апаратче, гласовна протеза и слично.

## e130

**Материјали за учење (сликовници, сложувалки)**

Моето дете во неговата околина има предмети и технологии како што се сликовници, учебници или сложувалки кои што му помагаат нешто да научи, да стекне знаење, да се здобие со вештини и нив да ги користи во неговото образование.

## e135

**Средства и алатки за работа**

Моето дете (во зависност од неговата возраст) во својата средина има алатки и технологии (на пример компјутерски програми) кои му овозможуваат да ја извршува својата работа.

## e140

**Средства за култура, одмор и спортување, како фудбалски топки, маса за пинг-понг и слично**

Моето дете има предмети, опрема или технологија во неговата средина кои му помагаат да учествува во културни, слободни и спортски активности.

## e145

**Средства за практикување религија и духовност**

Моето дете има предмети во неговата околина и средства (како на пример Библија, Коран, молитвен килим и сл.) или технологии кои му се потребни за да ја практикува својата религија и духовноста.

## e150

**Пристапност на јавните згради (пристапни рампи, лифтови, патокази во Брајово писмо)**

Јавните згради во околината на моето дете се така изградени што не претставуваат пречка за неговото слободно движење или пак имаат технологии, како лифт, електрични врати или патокази во Брајово писмо, кои му овозможуваат да се движи непречено низ нив.

## e155

**Пристапност во домот (тоалет за лица со попреченост)**

Во домот на моето дете не постојат пречки или постојат технологии кои што му овозможуваат слободно да се движи (на пример, има тоалет за лица со попречености, лифт на скали и друго).

## e160

**Пристапност на теренот надвор од домот (на пример, игралиште)**

Просторот надвор од домот (на пример, игралиште) е изграден без пречки или располага со технологии кои што му овозможуваат на моето дете таму слободно да се движи.

## e165

**Пари и средства за живот**

Моето дете живее во средина која има доволно материјални средства, како на пример пари, имот, стока.

## e2

**Услови на животна средина**

Ова поглавје се однесува на живите и неживите делови на животната средина. Тука станува збор и за природата, но и за средината која ја уредува човекот (на пример: патишта, мостови, куќи зеленило). Со ова исто така се мисли и на бројот на жители во околината на моето дете.

## e210

**Околниот пејзаж (планини, води...)**

Средината во која живее моето дете има посебни карактеристики на пејзажот. Тоа се, на пример, планините или водените површини. Овие карактеристики можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e215

**Луѓе со кои живееме во нашата средина**

Моето дете живее во една национална група и во нејзините услови на живеење (на пример: малцинства, мигранти). Овие животни услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e220

**Растенија и животни**

Моето дете живее во средина каде што има животни и растенија. Тие можат да му бидат од корист или да се пречка за моето дете.

## e225

**Време и клима**

Овој дел ги опфаќа температурата, влажноста на воздухот, воздушниот притисок, врнежите, ветерот и сезонските промени на кои е изложено моето дете. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e230 Заштита од природни непогоди (катастрофи)

Овде станува збор за тоа дали моето дете е доволно заштитено од природните непогоди на кои детето е изложено често или понекогаш. Овие непогоди (пример: земјотреси, пожари, поплави, силни ветрови) можат да предизвикаат значително оштетување на животната средина на моето дете. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e235 Заштита од настани предизвикани од човекот (војни и конфликти)

Ова се однесува на условите во средината во која живее моето дете кои што го штитат од конфликти, војни, прогони, уништување на куќи, земјиште или инфраструктура, раселување и слично. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e240 Светлина и осветлување

Овој дел зборува за осветленоста на средината во која живее моето дете. Таа може да биде од сонцето (природна) или вештачка светлина (свеќи, маслени или парафински ламби, оган или струја). Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e245 Ден/ноќ и месечеви фази

Ова се однесува на тоа дали животот на моето дете е определен од природни, редовни или предвидливи временски промени, како што се промени во денот или ноќта или месечевите фази. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e250 Звуци и бучава

Ова се однесува на тоа какви звуци или шумови слуша моето дете во својата околина. Звуците кои ги слуша можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e255

**Вибрации (од експлозии, авиони и слично)**

Ова се однесува на тоа дали моето дете е подложено на редовни или неправилни отсечени движења, потреси или тресење на предмети, згради или луѓе. Тоа може да биде, на пример, од авиони или експлозии. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e260

**Чист воздух**

Ова се однесува на прашањето каков е воздухот во средината во која живее моето дете. Се работи за воздухот во просториите и надвор, на отворено. Овие услови можат да претставуваат олеснувања или бариери за моето дете.

## e3 

**Поддршка од важни лица и односи со нив**

Овој дел се однесува на луѓето или животните кои се наоѓаат во околината на моето дете и го поддржуваат моето дете. Таа поддршка може да биде физичка (на пример, носење на детето) или емоционална (на пример: му даваат утеха). Овде спаѓа и заштитата, помошта и односите со другите луѓе – другите деца, соседите, наставниците или други стручни лица. Тука се мисли само на тоа дали овие луѓе или животни (на пример, домашни животни) постојат и колкава поддршка тие можат да му пружат на моето дете.

## e310

**Поддршка од членовите на потесното семејство (мајка, татко, сестра, брат, баба, дедо, посвоител)**

Ова се однесува на прашањето дали моето дете добива поддршка во своето најтесно семејство и колкава е таа поддршка. Во најтесното семејство спаѓаат родителите, браќа и сестри, баби и дедовци, згрижувачките родители или посвоителите. Ако има поддршка од овие членови, тоа може да биде олеснување за детето, но ако ја нема оваа поддршка, тоа може да претставува пречка за него.

## e315

**Поддршка од поширокото семејство (тетка, чичко, вујко, братучед/братучетка)**

Ова се однесува на прашањето дали моето дете добива поддршка во своето пошироко семејство и колкава е таа поддршка. Во поширокото семејство спаѓаат вујко, тетка, чичко, братучеди, внуци од брат/сестра. Ако има поддршка од овие членови, тоа може да биде олеснување за детето, но немањето на оваа поддршка може да претставува пречка за него.

## e320

**Поддршка од пријатели**

Ова се однесува на прашањето дали моето дете има круг на пријатели, дали добива поддршка од кругот на неговите пријатели и колкава е таа поддршка. Ако има поддршка од пријателите, тоа може да биде олеснување за детето, додека немањето на оваа поддршка може да претставува пречка за него.

## e325 Поддршка од познаници, врсници, колеги, соседи и членови на заедница

Ова се однесува на прашањето дали моето дете добива поддршка и помош од познаниците, врсниците и соседите и дали тие се грижат за него и го заштитуваат и колкава е таа поддршка. Ако има поддршка од оваа група на лица тоа може да биде олеснување за детето, додека немањето на оваа поддршка може да претставува пречка за него.

## e330 Поддршка од луѓе со авторитет и на позиции (учители, воспитувачи)

Ова се однесува на прашањето дали моето дете добива поддршка, помош или грижа и заштита од учители, воспитувачи, професори, старатели, верски водачи или други лица кои имаат авторитет како и колкава е таа поддршка. Ако има поддршка од оваа група на лица, тоа може да биде олеснување за детето, додека немањето на нивната поддршка може да претставува пречка за него.

## e335 Поддршка од подредени лица

Ова се однесува на прашањето дали оние луѓе кои се под влијание на лицата со авторитет – подредените лица - се достапни за моето дете и дали и како го подржуваат моето дете. Подредените лица, во зависнот од возраста на детето, можат да бидат ученици, работници, членови на религиозна група и слично. Ако има поддршка од оваа група на лица, тоа може да биде олеснување за детето, додека немањето на нивната поддршка може да претставува пречка за него.

## e340 Поддршка од негуватели, помошници, лични асистенти или други помагачи

Ова се однесува на прашањето дали на моето дете му се достапни негуватели, помошници, лични асистенти и други помагачи и колкава поддршка, заштита и грижа му пружаат. Ако има поддршка од оваа група на лица, тоа може да биде олеснување за детето, но ако ја нема оваа поддршка тоа може да биде пречка за детето.

## e345 Поддршка од непознати лица

Ова се однесува на прашањето дали непознати лица кои што ја познаваат животната ситуација на моето дете, како на пример негуватели или наставници на замена, соработници и слично, се достапни за него и му даваат помош и поддршка. Ако има такви луѓе, нивната поддршка може да биде олеснување за детето, но ако ја нема оваа поддршка, тоа може да биде пречка за детето.

## e350 Поддршка со помош на припитомени животни

Ова се однесува на прашањето дали моето дете има домашно милениче (куче, маче, риба, птица и слично) кое може да му пружи емоционална или психолошка поддршка или животно кое може да му помогне за движење и транспорт. Ако има домашни животни, нивната поддршка може да биде олеснување за детето, но ако нема домашни животни тоа може да биде пречка за детето.

## e355 Поддршка од лекари, терапевти и други здравствени работници

Ова се однесува на прашањето дали на моето дете му се достапни лекари или терапевти и колкава поддршка, помош и грижа моето дете добива од нив. Доколку на моето дете му се достапни лекари, терапевти и други здравствени работници, нивната поддршка може да биде олеснување за детето, но доколку овие лица не му се достапни на моето дете, тогаш ова може да претставува пречка за него.

## e360 Поддршка од социјални работници, правници и други стручни лица

Ова се однесува на прашањето дали на моето дете му е достапна поддршка, помош или грижа од страна на други стручни лица како што се: социјални работници, правници, адвокати и слично и колкава е таа поддршка. Доколку на моето дете му е достапна поддршка од овие стручни лица, тоа може да му биде олеснување, но доколку овие лица не му се достапни на моето дете, тогаш ова може да претставува пречка за него.

## e4 Ставови (сфаќања и мислења) на важни лица

Овој дел се занимава со ставовите (сфаќањата и мислењата) на лицата кои му се блиски и важни на моето дете. Овие ставови имаат важна улога во однос на тоа како се чувствува моето дете и во однос на неговата самодоверба. Главно се мисли на пораките кои ги упатуваат другите лица кои му се блиски на моето дете (родители, браќа и сестри, стручни лица) до детето или тинејџерот и исто така се мисли и на сфаќањата на заедницата (на пример, став кон лицата со попречености). Таквите ставови кон моето дете можат да бидат олеснување за него или да претставуваат пречка.

## e410 Ставови и мислења на членовите на потесното семејство (родители, браќа и сестри, баби и дедовци, згрижувачки родители...)

Членовите на најблиското семејство (мајка, татко, сестра, брат, полубрат, полусестра, посвоено дете и слично) имаат сопствено мислење и ставови во врска со моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e415 Ставови и мислења на членовите на поширокото семејство (чичко, тетка, братучеди...)

Членовите на поширокото семејство (тетка, вујко, чичко, братучед, братучетка и слично) имаат сопствено мислење и ставови во врска со моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e420 Ставови и мислења на пријатели

Пријателите на моето дете имаат сопствено мислење и ставови кон моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e425 Ставови и мислења на познаници, врсници, колеги, соседи

Познаниците, врсниците, колегите, соседите на моето дете имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e430 Ставови и мислења на луѓето со авторитет и луѓе на позиции (учители, воспитувачи)

Луѓето кои имаат авторитет врз моето дете (на пример учители, воспитувачи, верски водачи) имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e435 Ставови и мислења на подредените

Луѓето кои се во подредена улога во однос на моето дете (доколку ова важи за моето дете и во зависност од неговата возраст) имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Нивните ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e440 Ставови и мислења на негуватели, помошници, лични асистенти или други помагачи

Личните асистенти, негувателите, помошниците во околината на моето дете имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Овие нивни ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e445 Ставови и мислења на непознати лица

Непознатите луѓе во околината на моето дете имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Овие нивни ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e450 Ставови и мислења на лекари, терапевти и други здравствени работници

Лекарите, терапевтите и другите здравствени работници во околината на моето дете имаат сопствено мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Овие нивни ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e455 Ставови и мислења на социјални работници, правници и други стручни лица

Социјалните работници, правниците и другите стручни лица во околината на моето дете имаат свое мислење и ставови во однос на моето дете. Овие ставови обично влијаат врз тоа како тие се однесуваат кон моето дете и врз нивните постапки. Овие нивни ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e460

**Ставови и мислења на општеството**

Средината во која живее моето дете е под влијание на мислењата и ставовите на луѓето кои живеат во неа. Тие заеднички ставови влијаат врз однесувањето и постапувањето на поединците или групите кон моето дете. Овие нивни ставови (загриженост, чувства, желби, очекувања) можат да имаат позитивни или негативни влијанија врз моето дете.

## e465

**Општествени правила, практики и видувања**

Во средината во која живее моето дете има определени обичаи, правила, практики, верувања и видувања на работите. Тие имаат влијанија врз моето дете, кои можат да бидат негативни или позитивни.

## e5 Достапност на услуги, системи и политики (на пример здравствени системи, социјални системи), како и нивното управување и контрола

Во овој дел се зборува за: 1. Различните услуги (здравствено осигурување, болници, училишта итн.). Се мисли на услуги и активности во различни области кои ги опфаќаат потребите на луѓето, како што се здравствената заштита, социјалното осигурување и сл. Тие услуги можат да бидат јавни (на пример, училишта), приватни (на пример, приватни ординации) или на доброволна база. Овие услуги можат да се нудат на локално, односно општинско ниво, регионално, државно или меѓународно ниво. Услугите можат да ги нудат поединци (на пример, лекарот), здруженија, организации, агенции (како што е Агенцијата за вработување) или владата. Обезбедените услуги можат да бидат од општ карактер или да се прилагодени кон потребите на детето, односно тинејџерот (младинецот). Во овој дел се работи и за: 2. Системите кои се вклучени во управувањето или организацијата на услугите (на пример, подрачните канцеларии). Овие системи за контрола можат да бидат поставени од владата на различни нивоа. Нивната цел е да ги организираат, контролираат и да управуваат со услугите, поддршката и активностите за поддршка кои се нудат. И уште во овој дел се работи за: 3. Политики (принципи, насоки) на работење. Тие најчесто се составени од правила, прописи и стандарди кои ги утврдила владата на различни нивоа. Овие правила и прописи ги уредуваат и ги управуваат системите.

## e510

**Услуги, системи и политики за производство на производи за широка потрошувачка (фабрики за производство на храна и лекови)**

Во околината на моето дете постојат услуги, системи и политики кои обезбедуваат доволно производи за широка потрошувачка (како што се: гориво, храна, лекови). Ова му овозможува на моето дете да ги консумира и да ги користи овие производи. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете, а недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e515

**Услуги, системи и политики за урбано планирање**

Во околината на моето дете постојат служби (за градење и архитектура), системи (на пример: градежни закони) и политики (како што е потребната пристапност) кои се одговорни за проектирањето и изградбата на јавни и приватни згради. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете, а недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e520

**Услуги, системи и политики за планирање на слободен, отворен простор**

Во околината на моето дете постојат услуги, системи (на пример: план за користење на земјиштето) и политики за планирање, проектирање, развој и одржување на јавни површини (на пример: паркови, шуми, крајбрежја, мочуришта) и приватно земјиште во селски, приградски и градски средини. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете, а недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e525 Услуги, системи и политики за домување

Во околината на моето дете постојат услуги, системи (како што се, на пример, социјалните станови) и политики (заштита на закупецот или изнајмувачот) за обезбедување на засолништа, станови или опремени простории за сместување. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете, а недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e530 Услуги, системи и политики за комунални услуги (вода, струја, парно...)

Во околината на моето дете има услуги, јавни објекти и законски прописи за јавни комунални услуги, како што се вода, греење, струја, отстранување на отпадот, јавен транспорт и други потребни услуги. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e535 Услуги, системи и политики за комуникација (интернет, телефон)

Во околината на моето дете постојат услуги, јавни установи и правни прописи за пренесување и размена на информации (пр. телефон, мобилен телефон, факс, е-пошта). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e540 Услуги, системи и политики за превоз (воз, автобус, такси, авион)

Во околината на моето дете има услуги (јавен превоз), системи (возни редови) и правила за превоз на луѓе и стоки од едно до друго место (како на пример, воз, автобус, авион, такси). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e545

**Услуги, системи и политики за заштита на луѓе и имот (на пример полиција)**

Во околината на моето дете постојат служби (полиција), јавни установи и законски прописи за заштита на луѓето и имотот (полиција, катастар и сл.). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e550

**Правни услуги, системи и политики (на пример судови)**

Во околината на моето дете постојат служби кои нудат правни услуги (судови, адвокати, нотари), системи и политики (закони, прописи, конвенции) кои обезбедуваат правна заштита и спроведување на правдата. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e555

**Членство во организации и здруженија**

Во околината на моето дете постојат услуги и политики кои овозможуваат здружување на луѓе со слични интереси во една организација (на пример, како членови на здружение или организација). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e560

**Услуги, системи и политики за јавно информирање (телевизија, радио, интернет)**

Во околината на моето дете има услуги (различни радиодифузери), системи (емитување) и правила за обезбедување и користење на масовна комуникација преку радио, телевизија, весници и интернет. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e565 Економски услуги, системи и политики - услужни дејности

Во околината на моето дете постојат услуги и системи за производство, разнесување, потрошувачка или употреба на стоки и услуги. Нив може да ги пружаат приватници (касапи, фризери и сл.), јавниот сектор (на пример: задруги) или финансиски организации како што се банките и осигурителните компании. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e570 Услуги, системи и политики за социјално осигурување

Во околината на моето дете постојат служби (како на пример агенција за вработување), системи (пример: право на надоместок за невработени) и политики за финансиска поддршка на луѓето. Оваа поддршка се дава на луѓе кои поради нивната возраст, лошата финансиска состојба, невработеноста, проблеми со здравјето или попреченост се зависни од поддршката на државата. Тој надоместок може да биде од даноците или од придонесите (на пр. здравствено осигурување, пензиско осигурување). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e575 Услуги, системи и начела за социјална помош (згрижување, помош во домаќинството и сл.)

Во околината на моето дете постојат услуги, системи и правила за лицата на кои им е потребна помош во секојдневието. Ова може да биде помош при купување на секојдневни работи, одржување на домот, детската нега, грижата за себе и грижата за други. Така им се овозможува на овие лица да учествуваат колку што е можно повеќе во општествениот живот (на пример преку социјална помош, помош во домаќинството, финансиска помош за семејството, социјална педагошка помош на семејството). Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e580 Здравствени услуги, системи и политики (болници, клиники и други здравствени установи)

Во околината на моето дете, постојат услуги, системи и политики за спречување и лекување на здравствени проблеми. Тука спаѓа и медицинската рехабилитација и поддршката на здрав начин на живот. Ова може да се направи, на пример, во болница, кај педијатри или во клиники. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e585 Услуги, системи и политики за образование и обука (детски градинки, училишта, курсеви, пракса)

Во околината на моето дете има услуги, системи и политики кои овозможуваат моето дете да се образува, да стекне вештини или да се обучи. Тука се мисли на образованието и обуката  во градинките, училиштата, центрите за обука, специјалните училишта, под менторство, на курсеви итн. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e590 Услуги, системи и политики за вработување (агенции за вработување, центри за преквалификација)

Во околината на моето дете постојат услуги, системи и политики кои што им овозможуваат на лицата кои се невработени или кои сакаат да го променат работното место да најдат работа. Тука спаѓаат и услугите за лицата кои сакаат да напредуваат во кариерата. Присуството на овие услуги, системи и политики може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка за него.

## e595 Политички услуги, системи и политики (влада и изборни органи)

Во околината на моето дете (ако е применливо, во зависност од неговата возраст), постојат услуги, системи и политики кои овозможуваат одржување на избори и владеење со земји, општини, региони, меѓународни организации. Присуството на овие услуги и системи може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка.

## e598 Услуги, системи и политики, дефинирани на друг начин - интердисциплинарни услуги (Центри за ран развој и поддршка, центри за разни услуги и поддршка)

Во околината на моето дете има услуги кои, во тесна соработка помеѓу себе (како интердисциплинарни центри за ран развој и поддршка), ги поддржуваат и помагат децата со развојни проблеми и развојни потешкотии и нивните семејства, а и придонесуваат кон развој на децата. Присуството на овие услуги може да биде олеснување за моето дете. Недостатокот од нив може да биде пречка.

## 3. Литература


Светска здравствена организација (2017).
*Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје* УНИЦЕФ, превод.
Скопје: УНИЦЕФ.

Weltgesundheitsorganisation (2011).
*ICF-CY. Internationale Klassifikation der Funktionsfähigkeit, Behinderung und Gesundheit.*
Bern: Huber

Pretis, M. (2016).
*ICF-basiertes Arbeiten in der Frühförderung.*
München: Reinhardt

Pretis, M., Kopp-Sixt, S. Mechtl, R. (2019).
*ICF-basiertes Arbeiten in der inklusiven Schule.*
München: Reinhardt




## 4. За проектот и партнерите

„Заеднички јазик во училиште“ ( www.icf-school.eu) е проект финансиран од програмата Еразмус+ на ЕУ. Проектот трае од 1.9.2018 до 31.8.2021 и е имплентиран од страна на следниве 10 партнери:

| | | |
|---|---|---|
| Bildungsdirektion Steiermark,<br>Austria | Association of Child Development and Educators – CDGER<br>Turkey | Down Syndrome Association,<br>Turkey |
| DI Wilhelm Stadler<br>InfoPro,<br>Austria | MSH<br>Medical School Hamburg,<br>Germany | Здружение „Образование за сите“<br>Скопје,<br>Северна Македонија |
| Основно училиште „Ванчо Прќе “<br>Штип,<br>Северна Македонија | Pädagogische Hochschule Steiermark,<br>Austria | Pfennigparade Phoenix<br>Schulen und Kitas GmbH,<br>Germany |
| Dr. Pretis<br>S.I.N.N. Evaluation (Koordinator)<br>Graz, Austria | Unterstützungsverein<br>Schulpsychologie,<br>Austria | Кофинансирано од<br>Програмата на Европската<br>унија Еразмус+ |

**МКФ на јазик разбирлив за семејството**

Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје - МКФ, издадена од Светската здравствена организација во 2001 година (официјално преведена на македонски јазик во 2017 година), претставува светски признаен стандард со чија помош може да се опише ситуацијата на едно дете, младинец или возрасно лице со здравствен проблем и на тој начин понатаму да се дефинира потребата од помош, како и да се испланира процесот на поддршка и терапија.

За прв пат во рамките на Еразмус+ проектот „Заеднички јазик во училиште“ (www.icf-school.eu) е создадена „Верзија на МКФ на јазик разбирлив за семејството“, која има за цел да го преведе делумно техничкиот јазик на МКФ на еден секојдневен јазик, разбирлив за семејството. Со ова, ќе им се овозможи на родителите, старателите, како и на самите деца или младинци - како дел од „тимот околу семеството“ - да разговораат со стручните лица во врска со здравствените проблеми, попреченоста, целите за учество и планирањето на терапиите, користејќи еден заеднички јазик. Со помош на МКФ и сега достапната верзија на јазик разбирлив за семејството, сите засегнати страни во „тимот околу семејството“ ќе можат да ги разменат своите мислења, да го опишат учеството на индивидуата (дете, младинец или возрасно лице) со здравствен проблем и, како понатамошен чекор, да направат проценка на учеството и да испланираат заеднички цели во однос на него, заедно со мерки за поддршка и терапија. Исто така, по определен договорен временски период, може да се направи евалуација на тоа дали овие заеднички цели за учество се постигнати и дали мерките за поддршка и терапија дале добар резултат.

Воведниот текст („Што е МКФ?“) е напишан на еден „лесно разбирлив јазик“ со цел да им се овозможи на сите засегнати страни да разберат што е МКФ и зошто е таа значајна. Преводот на кодовите и на листите на кодови од МКФ беше направен од страна на меѓународен тим, а потоа стручни лица извршија научна валидација на текстот. На овој начин, за прв пат им е овозможено на родителите, односно старателите, како и на самите деца и младинци, со помош на верзијата на МКФ на јазик разбирлив за семејството (верзија која може да биде користена во секојдневниот живот, а особено во училиштето), да бидат вклучени како рамноправни членови во процесите на планирањето на поддршката и терапијата и, користејќи го овој заеднички јазик, да ги разменат своите мислења со стручните лица и заеднички да носат одлуки.

ISBN 978-608-66287-0-3

Кофинансирано од
Програмата на Европската
унија Еразмус+